**ГЕОПОЛИТИЧКО БУДЕЊЕ НА ЕВРОПА** | **НАТО И СОЈУЗНИЧКИ ВЕЖБИ** | **АВИОН „CASA 295M“** | **ЕВРОПСКА ПАТРОЛНА КОРВЕТА**

# ШТИТ

Број 151
Мај 2022

ISSN 1857-6710

**МАГАЗИН НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**




## Успешно реализирана националната теренска вежба „Блесок 22“







# Одбележан Денот на Пр

На 2 април во касарната „Страшо Пинџур“ во Петровец се одржа свеченост по повод одбележување на Денот на Првата пешадиска бригада. На свеченоста, присуствуваа министерката за одбрана,Славјанка Петровска НГШ генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, заменик-министерот за одбрана, Башким Хасани, државниот секретар Драган Николиќ, директорот на ГШ, генерал-мајор Зоран Милески, претставници од Кабинетот на Претседателот на Република Северна Македонија, военото раководство од ГШ и потчинетите команди, генерали во Армијата, поранешни команданти на единицата, претставници на локалната самоуправа и организации со кои соработува единицата. Министерката за одбрана Славјанка Петровска во своето обраќање истакна: „Во оваа најголема армиска единица, рамо до рамо, беспрекорно функционираат Македонци, Албанци, Турци, Срби, Роми, Бошњаци, Власи – заеднички ги покажувате својата стручност и своите највисоки способности и докажувате дека мултиетничноста е предноста на нашата држава...Во вашите редови има 27 жени на командирски должности од кои двајца се командири на чета, а 16 се командири на водови“. Петровска упати благодарност до припадниците и ја потенцираше значајната улога на оваа единица, која изминативе години дава најголем придонес во поддршката на граѓаните и институциите при различни елементарни непогоди, справување со мигрантската криза, справување со пандемијата и додаде дека токму припадниците на армијата дадоа најголем придонес за нашето членство во НАТО. „Вие, со вашата стручност и подготвеност во извршувањето на обврските во мировните мисии ги собравте сите пофалби од командантите на армиите на земјите сојузнички и покажавте дека Армијата на Северна Македонија не случајно е НАТО армија“. Токму во таа насока министерката посочи дека во наредниот период следуваат сериозни чекори кон модернизирање на опремата и дека во согласност со растот на буџетот на одбраната, кој оваа година е 1,77% од БДП, над 30% ќе бидат наменети за модернизација. „Оваа година Армијата на Северна








# вата пешадиска бригада

Македонија ќе ги добие првите најсовремени лесни оклопни возила кои ги имаат само најдобрите сојузнички армии, а кои ги обезбедивме преку договорот „Влада со Влада“ од нашиот стратешки партнер – САД. Вложуваме во многу домени за да ја модернизираме Армијата – во најсовремени комуникациски системи, балистичка опрема, вооружување, артилериско вооружување, во системи за противвоздушна одбрана. Како што и доликува за Армија на НАТО но, пред сè, како што доликува за професионалци какви што сте вие, кои ја задолжиле својата држава да возврати најдобро што може“, рече министерката Петровска.

На свеченоста се обрати и командантот на КО, бригадниот генерал Бесник Емини, кој истакна дека развојот на 1. пешадиска бригада е цврсто поврзан со нашето општество и ја одразува трансформацијата на нашата одбранбено-безбедносна заедница и дека во согласност со Долгорочниот план за развој на одбранбените способности, до зголемувањето на процентот за модернизација од буџетот за одбраната, со вложување во опремата, статусот на подготвеност е значително подобрен. Командантот на Бригадата, полковник Сашко Лафчиски, во своето обраќање потенцираше дека на овој ден им се оддава признание на сите поранешни офицери, подофицери и војници за нивниот придонес во градењето на единицата и додаде дека 1. пбр продолжува да биде круцијална борбена сила и ударна „тупаница“ на Армијата, секогаш подготвена да застане на браникот на татковината во одбрана на националните интереси, територијалниот интегритет и суверенитет. По повод Денот на единицата беа доделени повеќе стимулативни мерки и унапредувања за припадниците на Бригадата, а беше прогласена и најдобра единица од состав на Бригадата – Втората пешадиска чета од Вториот пешадиски баталјон.

Кристина Илиевска

Издавач
Министерство за одбрана
на Република Северна Македонија

Претседател на Издавачкиот совет
м-р Иван Атанасоски, полковник

Заменик-претседател на Издавачкиот совет
д-р Тони Петрески

Членови на Издавачкиот совет:
Лидија Јанчова Христова
Соња Крамарска
Афрдита Волина
Тони Јаневски, потполковник
Лилјана Петреска, потполковник
Виолета Костадинова, потполковник
Билјана Иванова
д-р Жанет Ристоска

Главен и одговорен уредник
д-р Жанет Ристоска

Редакција:
Умит Реџепи
(ликовно-графички и технички уредник)
м-р Ксенија Митева
(лектор)
Кристина Илиевска
(новинар)

Печати:
„Фокус принт“ – Скопје




„ШТИТ“
е магазин на
Министерството
за одбрана
на Република Северна
Македонија

Излегува од печат еднаш во
месецот и на web-страницата
на Министерството за
одбрана
https://mod.gov.mk/штит



8
**Геополитичко будење на Европа**



34
**Авион „CASA 295M“**

# содржина

ШТИТ ▪ година XIV ▪ број 151 ▪ мај 2022

Инфо........................................ 6

На прва линија
**Геополитичко будење на Европа**........................................ 8

Јубилеи
**30-годишен јубилеј од формирањето на македонската одбрана и Армијата**........................................ 12

НАТО-активности
**НАТО и сојузнички вежби – втор дел**........................................ 18

Мисии
**Под знамето на ОН**
**Употреба на сила во мировните операции Почетоците на UNEF I (1956 – 1967 г.)**........................................ 20

Вежби
**„Блесок 22“**........................................ 28

Вооружување
**„A400M“– европски воен транспортен авион**........................................ 32

Вооружување
**Авион „CASA 295M“**........................................ 34

Вооружување
**„Hawker Tempest“**........................................ 38

Незадолжително
**Лебот – најголемиот сојузник на војската**........................................ 43

Незадолжително
**Апсурдни војни**........................................ 50

Филм
**„Бомбардирањето“**........................................ 56

**Лешница – „Македонската Швајцарија“ на Шар Планина**........................................ 58



43
**Лебот – најголемиот сојузник на војската**



56
**Филм: „Бомбардирањето“**

КОН ОВОЈ БРОЈ

ПИШУВА:

**д-р Жанет РИСТОСКА**
Главен и одговорен уредник

# *Заедно кон ЕУ преку побезбеден, постабилен и просперитетен регион*

*Зајакнувањето на регионалната кооперативност и заедничките проекти на земјите од Западен Балкан претставува значаен фактор за стабилноста на регионот во овој турболентен период, кога европските земји за прв пат во својата понова историја се соочија со војна на своја територија, војна која е неоправдана и која создава најразлични безбедносни импликации, економски застој и хуманитарни кризи на просторот на Европа.*

*Земјите од Западен Балкан својата перспектива ја препознаваат единствено како дел од ЕУ, а тоа значи дека заеднички треба уште подоследно да ја зајакнуваат регионална безбедност и соработка и заеднички да се справуваат со сите предизвици и закани кои мошне лесно можат да се прелеат и да имаат несогледиви последици за секоја од овие земји, како од аспект на безбедноста, така и од аспект на економијата и соочување со можна голема мигрантска криза.*

*Токму овие теми поврзани со предизвиците со кои се соочуваат земјите од Западен Балкан во овој период беа во фокусот на Економскиот форум кој се одржа во Делфи во Грција, на кој со свое излагање учествуваше министерката за одбрана Славјанка Петровска. Министерката Петровска во своето излагање се осврна на моменталната безбедносна состојба предизвикана од руско-украинската војна, посочувајќи дека паралелно со конвенционалните се зголемуваат и хибридните закани, вклучувајќи го и ширењето на дезинформации и лажни вести и дека е неопходно заеднички да се дејствува за да се зајакне општествената отпорност од ваков вид закани и не смее да се дозволи проширување на несигурноста во регионот. „На Балканот сѐ е поврзано по принципот на сврзани садови. Секој поединечен билатерален спор често има регионални импликации. Секој неуспех во одржувањето на европската траекторија за Западен Балкан може да има драматични последици за земјите во регионот, но и за ЕУ во поглед на безбедноста и миграциите. Европската и евроатлантската перспектива за земјите од Западниот Балкан мора да биде јасна и на дофат. Тоа ќе ги зацврсти демократските вредности и процеси во регионот и ќе биде катализатор за суштински реформи во нашите општества“, истакна Петровска на панел-дискусијата.*

*Токму затоа во овој период фокусот на активностите во сферата на одбраната е ставен на зајакната и интензивна билатерална и регионална соработка помеѓу земјите од Западен Балкан.*

*Во насока на продлабочување и интензивирање на регионалната соработка беа и разговорите помеѓу министерката за одбрана Славјанка Петровска и косовскиот министер за одбрана Арменд Мехај при неодамнешната посета на министерката Петровска на Косово. Соработката опфаќа повеќе области како кризен менаџмент, справувањето со дезинформации, безбедносната и одбранбена политика, процесот на планирање, програмирање, буџетирање и извршување, медицинската обука и воеността образование.*

*Со ист интензитет и заеднички проекти се продлабочува и зајакнива соработката и со другите земји од Регионот, со што се афирмира и развојот на заедничките демократски вредности кои го трасираат патот за заслужена интеграција на овие земји во Европската Унија.*

„Орце Николов“ 116
1000 Скопје

Телефони: 02 3128 276
https://www.mod.gov.mk/штит

Ставовите содржани во написите на надворешните соработници не ја презентираат официјалната политика или ставовите на Министерството за одбрана.




ПОЧИТУВАНИ ПРИПАДНИЦИ НА АРМИЈАТА И ВРАБОТЕНИ ВО МО,

Редакцијата на „Штит“ ве охрабрува да ни испраќате написи за позначајните активности и настани во рамките на вашата организациона единица. Вашите написи, информации или репортажи, со соодветни фотографии, можете да ни ги доставите на следните адреси:

zanet.ristovska@mod.gov.mk, kristina.ilievska@mod.gov.mk, stit@mod.gov.mk

Почитувани читатели,
Воениот музеј отвори можност секој граѓанин кој поседува предмет со музејска вредност, истиот да го вклучи во музејската поставка на Воениот музеј. За кратката и едноставна постапка за предавање на музејскиот експонат во Воениот музеј, можете да се информирате на веб-страницата на Министерството, во делот „Воен музеј“ – „Донирај музејски експонати“. Министерството при поставување на овие предмети ќе го назначи лицето кое го донирало предметот.
Бидете дел од македонската историја. Донирајте музејски експонати во Воениот музеј и дадете свој придонес во воената историја на нашата татковина.
Контакт телефон: 02/3118-421
voenmuzej@mod.gov.mk

# Стабилноста на Западен Балкан е клучен приоритет

Министерката за одбрана Славјанка Петровска оствари официјална посета на Косово, каде се сретна со косовскиот министер за одбрана Арменд Мехај. На средбаата беше констатирано дека стабилноста на Западниот Балкан е клучен приоритет за Северна Македонија и за Косово, а засилената одбранбена соработка е еден од начините како да се зацврсти мирот и безбедноста во овој дел на Европа. „Северна Македонија како земја – членка на НАТО е сериозно посветена на зацврстување на регионалната стабилност и безбедност. Тоа е предуслов нашите држави да продолжат да се развиваат, особено денес кога имаме нова геополитичка реалност во која е нарушена повеќедецениската безбедност на европскиот континент“, рече министерката Петровска на средбата. Во контекст на зајакнувањето на регионалната безбедност и стабилност, министерката Петровска го информираше својот косовски колега дека Северна Македонија останува посветена на придонесот во мисијата КФОР. Министрите се заложија да работат на продлабочување на соработката во доменот на кризниот менаџмент при природни непогоди и катастрофи. Во однос на геополитичките предизвици, на состанокот беше осудена руската инвазија на Украина, за што министерката Петровска истакна дека нема место во Европа во 21 век. Министерот Мехај се заблагодари за отвореноста и посветеноста на Северна Македонија во развојот на билатералните односи и вклучувањето во регионалните иницијативи кои се важни за одржувањето на регионалната безбедност и стабилност. Тој упати благодарност и за учеството на припадниците на Армијата во мисијата КФОР. Двајцата министри го потпишаа и новиот Меморандум за соработка, како продолжување на воспоставената одбранбена соработка со Меморандумот од 2010 година. Соработката опфаќа повеќе области како справувањето со дезинформациите, безбедносната и одбранбена политика, процесот на планирање, програмирање, буџетирање и извршување, медицинската обука и военото образование. Во Приштина, министерката Петровска се сретна и со заменик-командантот на НАТО мисијата КФОР, италијанскиот бригаден генерал Лука Пиперни, кому му се заблагодари за логистичката поддршка од командата и од италијанската армија на контингентот од Северна Македонија кој во моментов брои 74 припадници на Армијата.



# Во посета на припадниците од Армијата на Република Северна Македонија во КФОР

Министерката за одбрана Славјанка Петровска при посетата на Косово ги посети и припадниците на Армијата на Република Северна Македонија стационирани во регионалната команда „Запад“ на КФОР во Пеќ. „Република Северна Македонија до пред неколку години беше држава која што бараше помош од другите. Сега ние даваме помош и тоа го правиме многу успешно. Така ќе продолжиме и во иднина, затоа што вака инвестираме и во стабилноста и во безбедноста и во регионот, во Европа и во светот, а со тоа си помагаме на самите себеси“, им порача министерката Славјанка Петровска на припадниците на контингентот од Армијата на Северна Македонија. На неформалната средба со војниците од контингентот од Северна Македонија, министерката го изрази своето лично задоволство за сите пофалби за работата на контингентот од Северна Македонија во оваа мисија.

Овие позитивни зборови ме прават горда, а ми претставуваат и обврска како министерка за одбрана да обезбедам уште подобри услови за работа. Опрема купуваме, но најголемата инвестиција што можеме да ја направиме е во вас, во човечките ресурси“, рече министерката. Министерката истакна дека токму со учеството во оваа мисија на Алијансата, Северна Македонија го покажува своето вистинско место во регионот, како столб на мирот и безбедноста, две нешта без кои не може да има просперитет за сите граѓани на Западниот Балкан. Во Пеќ, министерката Петровска беше пречекана од најстариот национален претставник на македонскиот контингент, потполковникот Драган Кузмановски, кој истакна дека сите припадници на Армијата се посветени во извршувањето на своите задачи и дека нивната пожртвуваност, далеку од своите семејства, придонесува за високот ниво на кредибилитет и почит кои ги ужива Армијата кај нашите НАТО сојузници.Спремноста и способностите на припадниците на Армијата во Пеќ беа потврдени и од командантот на оваа регионална Команда, полковникот Марко Јавароне, кој посочи дека сите припадници на Армијата на Република Северна Македонија стационирани во оваа команда покажале високо ниво на вештини и интероперабилност со припадниците на Армиите чии земји се членки на НАТО. Северна Македонија веќе 15 години дава логистичка поддршка на мисијата КФОР, а од 2020 година придонесува и со свои припадници, во командата на мисијата и во Регионалната команда Запад. Во моментов, во КФОР се упатени 74 припадници на Армијата, а во тек е подготовка за испраќање на нова ротација во оваа мисија. Со Технички договор од 2020 година, логистичка поддршка за македонскиот контингент дава Република Италија. НАТО мисијата на Косово брои над 3.700 војници од 28 нации.



# Примопредавање на должноста командант на Бригадата на Југоисточна Европа

Бригадниот генерал Евангелос Митруцикос од грчката армија е новиот командант на СИБРИГ, чиј домаќин до 2026 година е Северна Македонија. На свеченото примопредавање на должноста од генералот Аристеидис Илиопулос на генералот Евангелос Митруцикос,



присуствуваше заменикот-министер Башким Хасани, кој порача дека оваа бригада е успех за целиот регион и за Северна Македонија зашто претставува прво учество на припадници на Армијата во мултинационална средина. Хасани подвлече дека посветеноста и професионалноста на припадниците на Армијата во оваа Бригада беше првиот чекор во стекнувањето на висока доверба која денес ја имаат сите членки и партнери на НАТО во припадниците на Армијата. Додаде дека Бригадата стана симбол на обединетост и на соработка во нашиот регион и затоа од особена важност е земјите да продолжат заедно да придонесуваат за регионалната стабилност. Заменикот-министер му се заблагодари на досегашниот командант на Бригадата, генералот Илиопулос за својот придонес во СИБРИГ, а на новоназначениот командант, генералот Митруцикос му посака добредојде во Северна Македонија и го увери дека во Министерството за одбрана има сигурен партнер.

Новопоставениот командант Митруцикос во своето обраќање истакна дека за него претставува чест да ја води Бригадата на Југоисточна Европа во следниот период и дека посветено ќе работи на исполнување на задачите на СИБРИГ. Досегашниот командант, генералот Илиопулос, порача дека му претставува чест и задоволство што командувал со „мултинационална сила која ги зближува земјите од регионот, промовирајќи мир и стабилност“.

# Билатерални разговори меѓу Република Северна Македонија и НАТО

На 12 април во Клубот на пратеници започнаа дводневните билатерални разговори меѓу Република Северна Македонија и НАТО кои се во рамки на НАТО процесот на одбранбено планирање. На почетокот на разговорите се обратија НГШ, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, државниот секретар во МО, Драган Николиќ и помошник-директорот за одбранбено планирање и политика на НАТО, Трент Мекбеин. Државниот секретар Николиќ ги отвори разговорите и изрази задоволство за континуираниот прогрес и придонес на двете страни во процесот на одбранбените реформи и развој на одбранбените капацитети. „Нашиот фокус е спроведување на проектите за модернизација и опрема на вооружените сили. Оваа година буџетот за одбраната е 1.77% од кои 30% се наменети за модернизација и опрема и заклучно со 2024 година очекуваме согласно планираното, буџетот за одбраната да биде 2% од БДП. Мораме континуирано



да инвестираме во нашите капацитети и да градиме способности за одвраќање и одбрана“, рече Николиќ. Генералот Ѓурчиновски го истакна успешното прво оценување на лесниот пешадиски баталјон со оцена „борбено оспособени за извршување на својата мисија“ во согласност со највисоките стандарди на НАТО и дека треба да се продолжи со инвестиции во модернизирањето на опремата и обуката. Помошник-директорот за одбранбено планирање и политика на НАТО, Трент Мекбеин, истакна дека во овие тешки времиња особено е важно да се инвестира во одбранбените капацитети и дека Северна Македонија сериозно е посветена во тој поглед.

# Регионален состанок за механизмите на родова еднаквост во вооружените сили на Западен Балкан

Заменикот-министерот за одбрана, Башким Хасани, се обрати на отворањето на 14. регионален состанок за механизмите на родова еднаквост во Министерствата за одбрана и во вооружените сили во Западен Балкан во организација на UNDP SEESAC. Хасани истакна дека овој регионален состанок е потврда за заедничката посветеност на министерствата за одбрана на Црна Гора,



Србија, Босна и Херцеговина и Северна Македонија за натамошно унапредување на родовата перспектива во вооружените сили. „Се фокусираме на поцврста родова интеграција во безбедносниот сектор, за заедно да ги продолжиме промените и да одиме напред во заедничка акција. Денес, после 10 години успешни иницијативи и активности во рамки на проектот, може да се пофалиме со постигнати резултати во повеќе сегменти. Тоа ни го потврди Втората регионална студија со која го измеривме напредокот кон порамноправна положба на жените во министерствата и армиите на Северна Македонија, Босна и Херцеговина, Србија и Црна Гора“, рече Хасани. Заменикот-министер додаде дека високата родова свест меѓу другото е и благодарение на поддршката од UNDP SEESAC. Хасани ја потенцира видливата застапеност на жените во Армијата чиј процент во последните 10 години е двојно зголемен, односно сега изнесува 10,15%, при што процентот на жени-офицери е 16,54%, а жени на раководителки на сектори во МО е 39%. „Министерството обезбеди високи школувања за жени-офицери од Армијата на Школата за национална одбрана и 7 жени-офицери со завршена Командно-штабна академија. Но, сепак, не застануваме. Имаме поставено уште повисоки цели преку примена на глобалната агенда за 'Жени, мир и безбедност', кои се опфатени во Вториот национален акциски план“ порача Хасани. На отворањето на 14. регионален состанок се обратија и амбасадорот на Словачката Република, Хенрик Маркуш и раководителката на UNDP SEESAC, Бојана Балон.

Кристина Илиевска



# Геополитичко будење на Европа

Во изминатите децении западните демократски држави сè посилно веруваа дека во XXI век сè помала ќе биде веројатноста од вооружени конфликти и војни. Меѓутоа, неодамнешното искуство со руско-украинскиот конфликт ни дава доволно аргументи дека руската агресија не е илузија, туку знак дека се отвора ново поглавје во историјата. Слободно можеме да констатираме дека Европа е на работ на војна, а воен конфликт повеќе не е неверојатен

Како реакција на руската инвазија на Украина, ЕУ примени цел пакет мерки во кои спаѓаат жестоките економски санкции и активирање на Европскиот фонд за опремување на Украина со оружје. Руската инвазија на Украина го поттикна геополитичкото будење на Европа. Војната трајно ќе ја преобликува европската безбедносна архитектура, а ЕУ ќе ги примени сите мерки за да ја врати контролата врз својата политичка, стратешка и енергетска иднина. Самитот во Версај кој се одржа во март оваа година, беше фокусиран на европската енергетска независност и на европската одбрана. Руската инвазија на Украина ја принуди ЕУ да се справи со меѓусебно поврзаните безбедносни и економски предизвици, користејќи комбинирани геополитички и геоекономски алатки. За кратко време ЕУ усвои пакет мерки и жестоки санкции, со последици што најверојатно ќе се почувствуваат во земјите-членки, но ќе придонесат за колапс на руската економија. Санкциите се насочени кон технолошки трансфери, руски банки и руски средства, а Русија се соочи со изолација без преседан, бидејќи ова беше најстрогиот пакет санкции што Унијата досега го има спроведено. Следеа санкции коишто вклучуваат ограничување на Русија да тргува со долари, со евра, со фунти и со јени, како дел од глобалната економија и запирање на нејзините можности за финансирање и унапредување на руската војска и санкционирање на втората по големина банка во Русија. Министрите за надворешни работи на балтичките земји побараа Русија да биде отсечена од SWIFT, глобалниот посредник за финансиските трансакции на банките. Набргу потоа беше објавено дека големите руски банки ќе бидат отстранети од SWIFT, но со ограничена пристапност за да се обезбеди континуирана способност за плаќање за пратките на гас. САД воведоа контрола на извозот, нова санкција фокусирана на ограничување на рускиот пристап до високотехнолошки компоненти, хардвер и софтвер, кои се направени со какви било делови или интелектуална сопственост од

САД. Санкцијата бара секое лице или компанија што сака да продава технологија, полупроводници, софтвер за шифрирање, ласери или сензори на Русија да побара лиценца. Санкциите важат за приватни лица и компании. Фокусот на санкцијата е на бродоградбата, воздушната и одбранбената индустрија. Ефектот се смета за двоен: забраната за извоз на софтвер за шифрирање т.е. секој произведен софтвер со програма за шифрирање што содржи код од САД ќе биде забранет, создавајќи непосреден ефект во однос на тоа да нема ажурирања на софтверот и да нема поправање на безбедносните пропусти. Забраната на хардверот се смета дека има ефект кој се зголемува со текот на времето, бидејќи сите оштетени компоненти нема да можат да се заменат и нема да бидат можни нови аквизиции, што ќе предизвика постепено деградирање. На 27 февруари ЕУ објави дека го затвора својот воздушен простор за руски авиокомпании. Трендот на санкции во следниот период ќе се интензивира, бидејќи низа европски гасни и нафтени компании, вклучувајќи ги „Бритиш петрол“, „Шел“ и „Еквинор“, кои ги повлекуваат своите руски инвестиции, погодувајќи го Кремљ онаму каде што најмногу може да се наштети, а тоа е неговиот енергетски сектор. Со овие геополитички мерки ЕУ укажува дека е подготвена да ја плати високата цена на енергенсите.



Откако Русија почна да се заканува со инвазија на Украина, западните сојузници мораа да се справат со старо-новата дилема – како да се спротивстават на нуклеарна сила како што е Русија, без да се ризикува да се предизвика нуклеарна војна



На 28 февруари, како одговор на руската инвазија, ЕУ одобри нови мерки кои вклучуваа забрана за трансакции со руската централна банка и пакет за поддршка од 500 милиони евра за финансирање, опрема и набавки наменети за украинските вооружени сили.

ЕУ ја одобри суспензијата на радиодифузните активности во ЕУ на „Спутник“ и „Русија денес“, сè додека не се стави крај на агресијата врз Украина и сè додека Руската Федерација и нејзините придружни медиуми не престанат да спроведуваат дезинформации и манипулација со информации против ЕУ и нејзините земји-членки.  На 9 март, како одговор на вмешаноста на Белорусија во неоправданата руска воена агресија против Украина, Советот на ЕУ усвои дополнителни мерки насочени кон белорускиот финансиски сектор. Во нив спаѓаат ограничување на SWIFT на три белоруски банки, забрана на трансакции со Централната банка на Белорусија, забрана за давање услуги на белоруски државни субјекти на местата за тргување во ЕУ, значително ограничување на финансиските приливи од Белорусија во ЕУ и забрана за обезбедување на банкноти во евра. Понатаму, Советот воведе дополнителни рестриктивни мерки во однос на извозот на стоки за поморска навигација и радиокомуникациска технологија во Русија. Истиот месец следеа нов пакет економски и индивидуални санкции против Русија коишто вклучуваа забрана за трансакции со одредени државни претпријатија, нови инвестиции во рускиот енергетски сектор, построги извозни ограничувања во однос на стоки со двојна употреба, како и стоки и технологија што може да придонесат за технолошкото унапредување на рускиот одбранбен и безбедносен сектор. ЕУ, исто така, воведе и трговски ограничувања за железо, за челик и за луксузни стоки.

На внатрешен план, ЕУ почна да ги намалува предизвиците што директно ги засегаат европските држави. Креаторите на политиките во Брисел ја активираа Директивата за привремена заштита, изработена

во 2001 година, која досега никогаш не се користеше. Овој механизам за итни случаи им дава заштита на голем број украински бегалци, вклучително и право на престој, како и пристап до пазарот на трудот, медицинска помош и образование. За директно да ги поддржи луѓето во Украина, ЕУ најави и важен пакет хуманитарна и финансиска помош. Со ставање во функција на Европскиот мировен фонд (иницијатива прогласена за оперативна во јули 2021 година, со цел да се пополнат финансиските празнини во Заедничката безбедносна и одбранбена политика на ЕУ и билатералната поддршка на земјите-партнери во делот на одбраната), ЕУ се постави како клучен безбедносен актер во оваа нова геополитичка средина. Овој инструмент ќе обезбеди 500 милиони евра за опремување на Украина со оружје. Најдраматичен пресврт во својата одбранбена политика направи Германија, со најава на посебен фонд од 100 милијарди евра за трошоци за одбрана во следните четири години и постојана посветеност на повеќе од два отсто од годишните трошоци за одбраната. Покрај Германија, и Шведска најави дека ќе ги зголеми трошоците за одбрана, а Романија и Латвија имаат  цел да ги зголемат трошоците за одбрана на 2,5 отсто од нивниот БДП. Исто така, Полска најави дека до 2023 година планира да ги зголеми трошоците за одбрана на три отсто. Данска значително ќе го зголеми буџетот за одбрана и ќе се обиде да стане независна од рускиот природен гас како одговор на руската инвазија на Украина и постепено ќе ги зголемува трошоците за одбрана за да достигне 2 отсто од БДП до 2033 година, што е еквивалентно на зголемувањето на годишните трошоци за одбрана од околу 2,65 милијарди долари. Оваа нова геополитичка игра претставува политика за враќање на моќта на ЕУ и претставува предизвик овие напори да останат одржливи. Зголемувањето на трошоците за одбрана од страна на одредени земји членки на ЕУ е важна почетна точка, но овие напори мора да се преточат во координација на ниво на цела ЕУ. Координираното користење на Европскиот одбранбен фонд и програмата за задолжување за финансирање на европската одбрана, слична на напорите за ублажување на последиците од пандемијата, ќе



овозможи на ЕУ да се засили против конвенционалните и хибридните закани. Во случај на дестабилизација на балтичките земји или северните земји членки од страна на Русија, зајакнувањето на отпорноста е основен услов за создавање на



капацитети кои што ќе одговорат на идните предизвици.
Сепак, за да стане геополитички актер, ЕУ треба да ја стави во функција веќе воспоставената безбедносна структура, односно членот 44 од Договорот за Европската Унија, преку кој ЕУ го делегира извршувањето на безбедносната задача на група држави кои сакаат и можат да дејствуваат во областа на безбедноста и одбраната. За таа цел, НАТО и земјите партнери можат да најдат поддршка во борбените групи на ЕУ, мултинационални воени единици за брз одговор создадени во 2003 година, единици коишто никогаш претходно не се употребени. За сето ова да биде одржливо, ЕУ треба да ја промени политиката кон балканските земји. Преговорите за влез во ЕУ со овие земји се во застој, што претставува причина тие да бараат парнерство надвор од ЕУ, особено со Кина, Турција и Русија. Останатите држави кои не се членки на ЕУ се плашат да не станат жртви на руската агресија, а заканата што произлегува од руското влијание треба да ја зајакне соработката и безбедносна политика помеѓу ЕУ и државите кандидати за членство во Унијата. Војната во Украина ќе ја принуди ЕУ да ги диверзифицира своите извори на енергија, а креаторите на политиките ќе треба да го подготват населението за повисоки цени на енергијата, пред да ги почувствуваат последиците од санкциите. Во моментов обновливите извори на енергија се уште не можат да ја задоволат побарувачката на европските држави, па затоа можно е враќање на јагленот кој ќе предизвика негативни климатски последици. За

да се зајакне европската одбрана, а одбранбените напори на ЕУ да бидат одржливи, потребна е одржлива политичка волја. По случувањата во Украина, одредени членки на ЕУ применуваат многу пореален пристап во консултациите со источноевропските партнери и изразуваат спремност за долгорочни промени за нивната улога во европската одбрана. Згрижувањето на голем број бегалци од страна на источноевропските земји-членки укажува на промена во претходното однесување со мигрантите од сириската граѓанска војна. ЕУ е свесна дека не смее да си дозволи недостаток на координација, па дури и земјите кои традиционално се претпазливи за одбранбената соработка преку ЕУ веќе го преиспитуваат својот став. Под услов земјите-членки на ЕУ да се согласат за огромните инвестиции во одбраната на ЕУ, ќе следи координација на напорите за вземно поврзување и истовремено обезбедувајќи компатибилност со НАТО. Проектот за воена мобилност, наречен „Постојана структурирана соработка за безбедност и одбрана на ЕУ (PESCO)“, е дефиниран како стратешка платформа, што без грешки ќе обезбеди брзо испраќање на воен персонал и опрема низ цела ЕУ преку железница, земјен пат, воздух или од море.  На 21 март, министрите за одбрана и надворешни работи на ЕУ, усвоија стратегија којашто треба да го зајакне воеността влијание, формирајќи сили за брза реакција, составена од 5000 војници, кои во услови на криза ќе бидат брзо распоредени. Во исто време, ЕУ јасно стави до знаење дека овие напори ги смета за комплементарни со НАТО и нема намера да се натпреварува со воената Алијанса. Германија е подготвена да го обезбеди јадрото на новите сили за брза реакција на ЕУ до 2025 година. Руската воена агресија против Украина го наруши мирот во Европа и предизвика огромно човечко страдање и уништување. Оваа војна ја зајакнува причината за постоењето на ЕУ како мировен проект. По 24 февруари, никој повеќе нема да може да каже дека основачкото лого на ЕУ, „Никогаш повеќе“ е застарено. Настаните по 24 февруари се дополнителна причина зошто 27-те земји членки на



ЕУ, поделени и бавни кога станува збор за одлучувањето во Брисел, денес покажаа таква извонредна решителност, а особено во однос на донесените одлуки за надворешната политика и одбраната. На врвот на агендата е силна територијална одбрана, не само во НАТО членките, туку и во воено неутралните држави како Финска и Шведска. Ниту една од овие нордиски членки на ЕУ не е во НАТО, иако и двете тесно соработуваат со Алијансата. Меѓутоа, очигледна е зголемената јавна поддршка за членството во НАТО. Полска и Унгарија, кои досега не сакаа да примаат бегалци, одеднаш ги отворија граничните премини. Според ОН, се очекува прилив на 5 милиони бегалци во Европа. На самитот на НАТО во Брисел, којшто се одржа на 24 март, се одржа и средба на лидерите на ЕУ и Г-7. Наспроти континуираната агресија на Русија кон Украина, НАТО донесе одлука да ја зајакне својата одбрана во Европа. Лидерите на НАТО се согласија дека на подолг рок треба да се соочат со новата безбедносна реалност, со најголемата закана за евроатлантската безбедност во последните децении. Беше договорено за зголемување на опремата, залихите, зајакнување на сајбер-одбраната, поморските и копнените сили, зајакнување на интегрираната воздушна и ракетна одбрана. Руската инвазија ги зближи САД и Европа, го намали внатрешното несогласување во ЕУ и јасно покажа дека НАТО е гарант за мирот на Европа.

д-р Ненад Танески



**Во годинава, кога одбележуваме 30-годишен јубилеј од формирањето на македонската одбрана и Армија, достојно е да се потсетиме на почетоците, на никулците на македонскиот одбранбен систем. Всушност, осамостојувањето на Република Македонија (РМ) во 1991 година не ќе беше целосно завршено доколку македонското државно раководство не направи одлучни чекори во насока на градење одбранбен систем за заштита на суверенитетот и интегритетот на територијата и населението со сопствени вооружени сили. Оттаму, изградбата на системот на национална одбрана на РМ и формирањето на македонски вооружени сили во ликот на Армијата на Република Македонија (АРМ) во 1992 година, како еден од најважните атрибути на државноста, претставуваше заокружување на процесот на осамостојување на државата. Изминатите три децении од формирањето на Армијата, од историски аспект, во светлото на триесетгодишниот јубилеј од нејзиното формирање и градењето на независен македонски одбранбен систем, заслужуваат особено внимание. Првичните напори на РМ беа самостојно да го гради сопствениот систем за одбрана и одбранбена стратегија, а АРМ да се доградува, да се опремува и да се обучува за да може да одговори на сите видови закани и загрозувања на безбедноста и територијалниот интегритет на државата. Во овој и во наредните изданија на магазинот „Штит“, ќе се потсетиме на сложеноста, динамичноста и специфичноста на условите во кои се поставуваа темелите на македонската одбрана и Армија, на нејзиниот развој и изградбата на одбранбено-безбедносниот систем на РМ, нејзината улога во конфликтот во 2001 година, како и нејзиниот огромен придонес во напорите на РМ во процесот на евроатлантските интеграции.**



# 30-годишен јубилеј од формирањето

# Од идеја до изградба на систе

### Територијалната одбрана се подготвува за нова улога

Како решение за безбедносниот ризик предизвикан со напуштањето на граничните објекти од страна на ЈНА, претседателот Киро Глигоров, на командантот на Републичкиот штаб на македонската ТО, генералот Томислав Трајчевски, му наредил да почне со подготовка за повикување на единици на ТО за ангажирање во граничната служба. Најголем проблем за оваа активност претставуваше неможноста на ТО да пристапи кон магацините со оружје и опрема, но проблемот привремено беше решен со оружјето на македонската полиција. Поради воениот конфликт, ЈНА кон крајот на 1991 година претрпува голема реорганизација, со која на територијата на Југославија, без Словенија и поголем дел од Хрватска, се формираат четири воени области. За РМ е значајно што Третата воена област, која претходно беше најголема по површина и воено најмоќна (Македонија, Косово, Црна Гора и јужна Србија), е намалена стриктно на просторот на РМ. Ова ја потврдуваше намерата на Белград за тоа кога ЈНА ќе се повлече од РМ, а нејзините единици на Косово, во Црна Гора и во Јужна Србија веднаш да бидат структурално потчинети на други команди надвор од територијата на РМ. Истовремено, во јануари 1992 година е извршена смена на командантите на Третата област. На местото на генералот Милутин Кукањац, во Скопје пристигнува генералот Никола Узелац. Тој, на средбата со претседателот Киро Глигоров, изразил подотвеност да разговара за повлекувањето на ЈНА од РМ. Околу условите за повлекување на ЈНА, македонските власти требаше да преговараат со генералот Благоја Аџиќ, кој на 9 јануари 1992 година ја презеде функцијата вршител на должноста на ССНО на Југославија.

### Македонските пратеници го гласаат првиот Закон за одбрана

На 14 февруари 1992 година, Собранието на РМ го изгласа првиот Закон за одбрана. Еден од предусловите за формирање на АРМ беше повлекувањето на ЈНА и избегнувањето на судир кој можеше да се претвори во воен конфликт од големи размери. Во текот на февруари 1992 година, ЈНА ја зголеми фреквенцијата на движењето на конвоите и железничките композиции, забрзано се празнеа касарните, се соголуваа воените складови и објекти, а целата опрема и техника се транспортираше на север. Ова беше многу драматичен период за Македонија



# ... на македонската одбрана и Армијата
# ...ем на национална одбрана (3)

поради непредвидливоста на одлуките на раководството на ЈНА. Дотолку повеќе, што во тие денови и недели, на единиците им било наредено да ги минираат касарните и складовите. Така, биле минирани касарните „Сутјеска“ во Тетово, „Кузман Јосифовски-Питу“ во Ѓорче Петров, касарната во Штип, аеродоромот „Петровец“ и други објекти. Во неколку случаи, во Скопје, во Гостивар, во Штип, во Струмица и во други градови низ РМ, групи на старешини кои веќе ја напуштиле ЈНА, заедно со македонските старешини кои сѐ уште беа на служба во ЈНА, а со поддршка од македонската полиција и граѓаните, преземаа подготвителни акции за упади во складовите каде што била стационирана голема количина на скапа воена техника. Исто така, се



*Колона на ЈНА која се повлекува од Република Македонија*

вршеа и пресретнувања на конвоите на ЈНА, со цел истата да се одземе и да се засолни на безбедни локации. Во еден таков случај, припадници на полицијата на 10 февруари 1992 година, извршија диверзија и упад во воениот склад во Визбегово, при што беше одземено оружје, опрема и моторни возила. Во овој период беа евидентирани многу случаи каде македонски старешини, пред доаѓањето на конвоите или за време на нивното движење низ РМ, засолнувале оружје, опрема и воени возила на сигурни локации, со цел истите да се искористат при формирањето на АРМ. Таквата ситуација ја „наелектрилизира“ уште повеќе целата атмосфера во државата и го зголеми револтот кај македонските граѓани. Од таа причина, а со цел да се смири ситуацијата, Претседателот и Владата на РМ испратија директива до сите полициски станици, подрачни единици за одбрана и совети на општини, со која се забранува преземање насилни мерки против ЈНА, односно, да се спречи да не се предизвикуваат никакви инциденти. Барањето за официјални разговори од македонска страна, генерал Аџиќ долго време го одбиваше но, конечно, на 20 февруари 1992 година, југословенска делегација пристигна во Скопје. Делегацијата на РМ ја сочинуваа претседателот на РМ Киро Глигоров, претседателот на Собранието Стојан Андов, претседателот на Владата Никола Кљусев, министерот за одбрана Трајан Гоцевски, министерот за внатрешни работи Љубомир Фрчкоски, министерот за надворешни работи Денко Малески, командантот на македонската ТО, генерал Томислав Трајчевски, и претставници од МВР и од МО.

### Рокот за ЈНА да се повлече од РМ бил до 15 април 1992 година

Преговорите се одржаа на 21 февруари во зградата на македонското Собрание и завршија во вечерните часови со значајни заклучоци: ЈНА конечно да се повлече од РМ со краен рок,15 април 1992 година, старешините кои не сакаат да заминат веднаш да се преселат со нивните семејства, командите и единиците на ЈНА да земат со себе сé што формациски им припаѓа и што не се смета за движен имот, да се формираат заеднички комисии од сите ресори кои ќе подготват детални планови за што побрзо примопредавање на техниката, опремата и објектите. Според Трајан Гоцевски, преговорите биле мачни и тензични, а македонскиот тим најмногу инсистирал аеродромот во Петровец да остане во потполна функционалност, како единствена

порта на РМ кон светот, дури по цена и на употреба на сила. Сепак, на македонските претставници во преговорите најмногу им значеше да нема жртви и разурнувања и ја спроведуваа стратегијата на мирно повлекување на ЈНА. Ваквата стратегија, сепак, не значеше и кревање раце од сѐ што поседуваше ЈНА во РМ. Во списокот на објекти и опремата кои РМ сакаше да ги задржи, покрај целокупниот недвижен имот, се наоѓаа: комплексот на военоздравствени установи, опремата на граничните објекти, аеродромите на Петровец и во Охрид и целокупната опрема и оружје на македонската ТО. Едно од прашањата во преговорите беше врзано за статусот на старешините и граѓанските лица на служба во ЈНА. Водачот на југословенската делегација, генерал Аџиќ, користел термин „привремена дислокација на ЈНА од територијата на РМ“, што југословенската делегација постојано го истакнувала, а подоцна беше доста експлоатирано во српските медиуми. Колку ситуацијата била драматична опишува генералот Митре Арсовски, според кого на генералот Аџиќ некои српски политички лидери му предлагале да го уапси целокупното македонско политичко раководство и на тој начин да ја разреши состојбата. Дрскоста одеше до таму, што во текот на разговорите генералот Аџиќ се заканувал дека доколку договорот не се спроведе по сите точки и доколку има дури и една жртва од редовите на ЈНА, ќе има сериозни последици по РМ. Конечно, со потпишувањето на Договорот „Глигоров-Аџиќ“ на 21 февруари 1992 година, се создадоа услови за организирано и легитимно заминување на единците и командите на ЈНА од македонската територија и истото започна во наредните денови, а продолжи континуирано до крајот на февруари и целиот месец март 1992 година. Бидејќи со Договорот не можеа да се опфатат сите аспекти и детали, во текот на повлекувањето на ЈНА беа изработени неколку анекси на Договорот со детали од одредени области. Од македонска страна, Владата на РМ, на 25 февруари 1992 година донесе заклучоци за однесувањето на ЈНА при напуштањето на РМ, со кои е одлучено да се воспостави режим на движење на воени возила и воздухоплови во и од територијата на РМ, за македонските власти да имаат целосна контрола на случувањата на терен. Владата дополнително донесе одлука за влегување на странски воени возила и воздухоплови на територијата на РМ. Причина за ова беше што дотогаш изнесувањето на воен материјал од магацините на ЈНА беше без контрола на македонските власти. Реакцијата на ЈНА на ова беше демонстрација на сила со префрлање на елитни падобранско-диверзантски единици од гарнизонот



во Ниш на аеродромот Петровец и надлетување на воени воздухоплови во низок лет над градови во РМ.

## ЈНА однесе сѐ, но не и желбата за зачеток на македонска армија

Дополнителна неизвесност во севкупните состојби внесе и информацијата за минирање на касарните. Беа потребни секојдневни контакти меѓу македонските власти и претставниците на Третата воена област на ЈНА, за состојбата да се држи под контрола. За време на дислокацијата, конвои на товарни воени и цивилни возила управувани од регрути и припадници од резервниот состав на ЈНА, секојдневно влегуваа на територијата на РМ до воените складови, каде истите се товареа и заминуваа кон север. Тие, во многу случаи беа попречувани од незадоволни македонски граѓани, кои не ѝ дозволуваа на ЈНА да товари одредени материјални средства или им го попречуваа излегувањето од касарните и складовите. Таков беше и случајот во Охрид, кога беше спречено товарењето на чамците на езерската флота. Најмногу тензии предизвикуваше можното селење на опремата од аеродромите во Петровец и во Охрид, веќе спомнатата езерската опрема во Охрид, радарската опрема и стационарните јазли за врски. ЈНА повлече огромен број материјално-техничките средства, опрема и оружје од територијата на РМ. Според конечниот биланс, тоа се: 350 борбени возила (тенкови, оклопни транспортери и други типови на борбени возила), 35 борбени и школски авиони, 5 хеликоптери, 410 парчиња различни орудија за противвоздушна одбрана, 284 артилериски ракетни системи, 1.692 ракети, 160 инженериски машини, 673 инженериски комплети за минирање и деминирање, 1,3 тони експлозив, 450.000 разни видови противпешадиски и противтенковски мини, 223.000 различни средства за АБХО, 40.200 различни средства за врски, 16.000 парчиња разни интендантски средства (одела, униформи, прибори за јадење, перални, шатори и друго.), 130.000 конзервирани дневни оброци, 19.0000 парчиња пешадиско оружје (пушки, пушкомитралези, митралези, разни фрлачки на гранати и друго), 1.800 неборбени воени моторни возила, 1.424 патнички и товарни моторни возила, 3 патролни чамци и разни други материјално-технички средства и опрема (алати од подвижни работилници, резервни делови, гориво и друго).
Ова значеше дека идните македонски вооружени сили во 1992 година останаа со скромни количини оружје и техника, односно само она кое ѝ припаѓаше на македонската ТО. Но, тоа, сепак беше солидна основа за зачеток на македонска армија, која ќе ги преземе сите одговорности за одбрана и мир на новата македонска независна држава.
**(продолжува)**

д-р Павле Арсоски, генерал-мајор



# Флагрантно кршење на меѓународното право

Од 7 до 10 април 2022 година во Сан Ремо, Италија, се одржа пролетниот состанок на ГАМИНГЕР- иницијативата, состанок на кој учествуваа претставници на: Хрватска, Белгија, Чешка, Словачка, Германија, Словенија, Швајцарија, Полска, Унгарија, Италија, Северна Македонија.
Основна цел на оваа средноевропска



асоцијација е зголемување на улогата на вооружените сили на Европа, како дел од интернационалната безбедносна политика на ЕУ, НАТО и ООН, а ОРОРСМ е нејзина членка од 24 септември 2017 година. ОРОРСМ, на овој работен договор ја претставуваше претседателот, д-р Гоце Георгиев, а во фокусот на вниманието беа три актуелни теми: „Влијанието на пандемијата COVID-19 на севкупниот општествен живот во земјите членки на ГАМИНГЕР-иницијатива“; „Иницијатива на ГАМИНГЕР-мисиите и стратегиско планирање „Размислување за иднината“ и „Како да се справиме со земјите агресори кои не го почитуваат меѓународното право“.
Во контекст на спомenатите теми, предмет на внимание на состанокот била Декларацијата усвоена на 5 април од страна на Меѓусојузничката конфедерација на резервните офицери (CIOR).
„Во дебатата за ова прашање, ГАМИНГЕР-иницијативата ја поддржа предложената содржина на оваа Декларација и ја осуди неиспровоцираната инвазија на Украина од страна на Вооружените сили на Руската Федерација. Исто така, се осуди и вмешаноста на Белорусија во оваа агресија.
Агресијата на Руската Федерација против Украина е флагрантно кршење на меѓународното право и на основните принципи врз кои се гради меѓународниот поредок. Во тој контекст, Руската Федерација е должна да ги почитува своите меѓународни обврски“, изјави, меѓу другото, д-р Гоце Георгиев, по неговото враќање од Сан Ремо.

# Усовршување на воените вештини

Усовршувањето на воените вештини во ракувањето со пешадиско оружје е постојано во фокусот на вниманието во Организацијата на резервните офицери на Република Северна Македонија (ОРОРСМ).
Во контекст на ваквите програмски определби, во текот на секоја календарска година се организираат повеќе гаѓања на: општинско, регионално и републичко ниво, за што постои нагласен интерес кај членството.
Врз основа на Програмата за едукација и обука во 2022 година и Упатството за гаѓање со пешадиско оружје, на 26 март, на стрелиштето „Долно Оризари“ беше организирано подготвително гаѓање на реден бр.1 со пушкомитралез (ПМ) 7,62 мм (единечна стрелба).
На оваа еднодневна практична обука учествуваа 57 резервни офицери и подофицери од 10 општински организациони единици (Скопје, Тетово, Куманово, Велес, Штип, Св.Николе, Кавадараци, Неготино, Прилеп и Битола).
Логистичката поддршка беше на Командата за обука и доктрини (КОД), со која ОРОРСМ остварува соработка уште од нејзиното формирање.
Раководител на гаѓањето беше капетанот Зоран Темов, а помлад раководител, потпоручникот Никола Спасов.
Пред почетокот на гаѓањето, претседателот на ОРОРСМ, д-р Гоце



Георгиев, во поздравното обраќање изрази благодарност до КОД за нејзината логистичка поддршка, а со едноминутно молчење им беше оддадена почит на починатите резервни офицери и подофицери од пандемијата COVID-19.
Потоа, потпоручникот Никола Спасов, ги запозна учесниците со постапките на склопување и расклопување на ПМ 7,62мм, со намената и со неговите карактеристики како пешадиско оружје, при што, нагласи дека најдобри резултати се постигнуваат на далечина од 400 метри.
Во рекапитуларот на остварените резултати ќе остане забележано дека 46 учесници се оценети со „Надминал стандард“, а 7 со „Поминал“.
По завршувањето на гаѓањето и сумирањето на резултатите, во касарната „Алекса Демниевски-Бауман“ беше организиран заеднички ручек – традиционалното војничко гравче.

# Кондиционо-едукативен марш

По повод Денот на формирањето на Тетовскиот партизански одред во 1943 година и Денот на формирањето на КПМ, ООЕ на ОРОРСМ Тетово со која раководи



резервниот поручник, м-р Радислав Коруноски, на 18 март 2022 година организираше кондиционо-едукативен марш.
На маршот, што се организира на релацијата с.Сиричино – с.Туденце, во должина од 8 км, учествуваа 40 резервни офицери од Тетовскиот регион (Тетово, Јегуновце, Теарце, Брвеница, Желино и Боговиње).
Пред почетокот на маршот, претседателот на Извршниот одбор на ООЕ на ОРОРСМ Тетово, м-р Коруноски, ги информираше учесниците со Планот за реализација на планирате содржини за до крајот на 2022 година, а со едноминутно молчење му беше оддадена почит на поранешниот командант на Гарнизонот на АРСМ во Тетово, полковникот Блаже Николовски.
Во оваа пригода, поздравни обраќања имаа и: потполковникот Игор Станковски, командант на Гарнизонот на АРСМ во Тетово и д-р Гоце Георгиев, претседател на ОРОРСМ, а вишиот кустос во Музејот на Тетово, Кристина Томовска-Ристовска, одржа предавање за формирањето на Тетовскиот партизански одред и за КПМ во 1943 година.

Живко Трајановски




Во касарната „Алексо Демниевски-Бауман“ во Велес, на 15 април свечено беше одбележан 15 Април – Денот на Командата за обука и доктрини и 30-годишен јубилеј, односно 30 години од кога во 1992 година во касарните во земјава пристигнаа регрутите од првата класа од регуларниот состав. Инаку, во Охрид, два дена порано, односно на 13 април, пристигна првиот регрут-војник во новоформираната Армија на тогашна Р. Македонија, велешанецот Панче Јамандиев

# 15 Април – Ден на Командата за обука и доктрини (КОД)

На свеченоста по повод Денот на КОД присуствуваа министерката за одбрана Славјанка Петровска, началникот на ГШ на Армијата, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, државниот секретар во МО Драган Николиќ, командантот на КО, бригадниот генерал Бесник Емини, генерали и поранешни команданти на КОД.
Министерката за одбрана, Славјанка Петровска, честитајќи го празникот, информираше дека еден од најголемите приоритети на МО во наредниот период ќе биде донесувањето на нови стратегиски документи и концепти за одбраната и доктрината. Министерката појасни дека со началникот на ГШ си поставиле цел – меѓу документите кои треба да ги усвојат да бидат и концептот и доктрината на Армијата, по нејзиното зачленување во НАТО, документи за коишто се смета дека се едни од најважните документи за одбраната по Долгорочниот план за развој на одбраната. Документите ќе бидат ажурирани и донесени како нови акти.
„Почитувани припадници на Армијата, мотивацијата и посветеноста на секој војник се клучни за успешна одбрана. Вратите се отворени, намерата е јасна –создавање на вистински НАТО офицери, подофицери и професионални војници. Сите НАТО обуки се достапни за припадниците на нашата армија. Ги интензивираме заедничките вежбовни активности и дома и кај сојузниците, ја зајакнуваме интероперабилноста за која сметаме дека е основа за заедничко работење и функционирање на системот на колективната одбрана која е наш заеднички ‘заштитен чадор’, потенираше министерката Петровска.
Министерката, исто така, додаде дека најважен е припадникот на Армијата, службеникот во Министерството и нивната мотивираност, посветеност и нивната позиција во општеството. Мотивираноста и посветеноста на вработените значи и силна институција, институција која е силна да се справи со сите предизвици, изјави министерката Петровска. На свеченоста, министерката информираше дека со членството во НАТО целосно ги отворивме „вратите на можностите“ за доедукции и усовршување, а обуките за земјите на НАТО се и обука за нашата армија. Вежбите на Алијансата се отворени и за нашата НАТО армија.
Во врска со полигонот Криволак, таа информираше дека полигонот претставува капицитет на Р.С. Македонија, но и капацитет на НАТО, и токму затоа на овој полигон се развива нова инфраструктура и нови содржини, но притоа посебно се внимава и на зачувувањето на животната средина со мерни станици кои се поставени во соработка со Универзитетот од Штип. „Огромно е значењето на обуката која учесниците во мировните мисии ја добиваат токму тука. Од нивото на обученоста зависи и нивното однесување на терен, снаодливоста во вонредни ситуации, брзината на тимот и реакцијата. Во сите овие сегменти, нашите мировници предничат во НАТО и другите меѓународни мисии, токму благодарение на високите стандарди и способности на обучувачите од Командата за обука и доктрини“, оцени министерката Петровска.
Началникот на ГШ на Армијата, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, од свеченената говорница, честитајќи им го празникот на припадниците на КОД, порача: „Едукацијата и образованието на младите кадри е главната мисија на КОД. Питомците на ВА се нашата иднина, но и младите војници-регрути кои го поминуваат првиот војнички период во велешката касарна. Сега се организираат курсеви за подофицери, како и курсеви за потребите на службите во Армијата. Вие, и понатаму ќе имате поддршка во приоритетите на ГШ на Армијата и на Министерството за одбрана“. Началникот додаде дека развојот на полигонот „Криволак“ е составен дел на КОД. „Командата за обука и доктрини претставува еден од нашите главни национални приоритети, како и едукацијата на кадрите во Армијата. Тој најави дека ќе се даде приоритет, исто така, и во делот на статусот и стандардот на центрите за обука во зимски и во летни услови, како и на Центарот за симулациии кој се наоѓа во гарнизонот на велешката касарна. Воедно, началникот на ГШ на АРСМ, најави и продолжување на едукацијата на странските јазици.
Началникот на ГШ, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, им оддаде признание за завршениот циклус на воспоставени доктрини кои се веќе изработени и кои ќе ги публикуваат во текот на оваа година. Тој додаде дека за тоа било вложено голем труд во изминатите неколку години.
Заменик-командантот на КОД, полковник Стојанче Тодоров, потсети на настанот од 15 април 1992 година, кога во касарните во земјава, пред точно 30 години, пристигна првата класа на регрути од регрутниот состав на Армијата. Два дена порано, на 13 април, во касарната во Охрид пристигна првиот регрут во македонската Армија, а тоа е велешанецот Панче Јамандиев.
„КОД го слави 15 април во спомен на првата класа од регрутниот состав на Армијата на Р. Македонија, како остварување на сонот на генерации борци кои ги положија животите за денешната

слобода“,потенцираше полковникот Тодоров. Тој потсети дека во Командата за обука и доктрини, покрај регрутите од 1992 до 2006 година, низ програмите за обука се обучија 39 генерации граѓани на доброволно служење на воениот рок, а многумина од нив успешно ја завршија основната воена обука и денес се составен дел од активниот состав на Армијата. Тој појасни дека во изминатите години успешно беа реализирани основни курсеви за подофицери и кандидатите се стекнаа со првите подофицерски чинови. Во КОД се реализираат и курсеви за основна и напредна индивидуална обука на професионалните војници, како и курсеви за континуирана едукација и развој на подофицерскиот кор на Армијата. Во Центарот за обука на питомци се врши планирање и реализација на воената обука за идните офицери во Армијата. Исто така, се едуцираат претставници на нашите пријателски армии од БИХ, Косово и Црна Гора. Центарот за странски јазици, Центарот за одгледување и дресура на кучиња, Центарот за симулации, во континуитет, годишно, подготвуваат по стотина припадници на Армијата за постигнување на подобри резултати во работата, во согласност со прифатените НАТО стандардизациски договори, информираше полковникот Тодоров, заменик-командант на КОД.
„Развојот на профилот на идните офицери, подофицери и војници на Армијата,како и нивната индивидуална обученост за справување со предизвиците што ни ги носи иднината, е наш врвен приоритет, а заради директна поддршка на оваа цел, извршивме ревизија на сите планови и програми за обука, во согласност со НАТО стандардите“, истакна полковникот Тодоров, додавајќи дека преку овие центри за обука и поддршка на обуката, се дава директен инпут за квалитетот на Армијата и на другите државни агенции и институции кои ги користат капацитетите на КОД.
Во рамките на свеченоста беа пофалени и наградени повеќе припадници на КОД за остварените резултати во работењето. Беа доделени и плакети на поранешни команданти, како и на екипи, на институции и на поединци кои покажаа најдобри резултати за време на одржаните спортски игри во рамките на програмата за одбележување на 15 Април – Денот на КОД. Во склоп на свеченоста беа доделени и награди, признанија и книги за најдобрите ученици-учесници на ликовниот и литературен конкурс за поема, што беше организиран во соработка со ООУ „Васил Главинов“ и со ООУ „Св Кирил и Методиј“.

Антоанела Димитриевска






# НАТО и сојузнички вежби – втор дел

Вежбите на НАТО се дизајнирани да осигураат дека силите на НАТО се обучени, способни да работат заедно и се подготвени да одговорат на секоја закана од која било насока. Тие во суштина го овозможуваат и го олеснуваат континуираното подобрување на интероперабилноста, ефикасноста и перформансите. Настаните и активностите поврзани со обуката и вежбите се развиени и усогласени од двете стратешки команди на НАТО Сојузничката команда за операции (ACO) и Сојузничката команда за трансформација (ACT). Првите вежби на Алијансата биле одржани во текот на 1951 година, а две години подоцна имало приближно 100 вежби од различен вид и категорија спроведени од командантите на НАТО.

## Позначајни вежби на НАТО

**„RAMSTEIN GUARD“**

Вежбата „RAMSTEIN GUARD“ е серија од 12 вежби на годишно ниво (еднонеделни вежби на месечно ниво, со различна локација на одржување). Таа е наменета за обука на Сојузничката воздушна команда на НАТО во Рамштајн, Германија (NATO Air Command – AIRCOM), во делот на електронското војување, истакнувајќи ја способноста на Алијансата да открие и да следи прикриени закани. Програмата на НАТО за интеграција на силите за електронско војување е алатка за извежбување на регионалните елементи на Алијансата во однос на Интегрираниот систем за воздушна и ракетна одбрана (NATINAMDS). Се реализира во содејство на двата комбинирани центри за воздушни операции кои се наоѓаат во Германија и во Шпанија, истовремено вклучувајќи одредени национални системи и средства. Вежбата е дизајнирана да ги обучува припадниците на Сојузничката воздушна команда, како и потчинетите единици во однос на побарувањата и протокот на информации кои се случуваат тековно (известувања/ координација), изложувајќи ги на широк спектар на тактики и техники во доменот на електронското војување во една контролирана средина. Темата за електронско војување е широко дискутирана во јавноста, во медиумите и во стручните состаноци. Се јавува потребата да се заштити ранливоста на инфраструктурата, посебно на тактичко ниво, со заштита на комуникациите од непријателска стратегија за електронско војување. Главниот фокус се однесува на интероперабилноста и комуникацијата со демонстрација на решителноста на сојузниците и партнерските сили.
Вежбата „RAMSTEIN GUARD“ е дизајнирана да ги обучи силите на НАТО да работат во неповолна електромагнетна средина на интегриран и координиран начин. Оваа вежба има цел да им обезбеди на вооружените сили уреди за попречување кои се способни да потиснат не само радиотелефонски (мобилни и сателитски) врски, туку и сигнали од сателитски радионавигациски системи. Акцентот се однесува, пред сѐ, на одбранбениот аспект, со употреба на средства за попречување и нарушување на сигналите на далечински управувани средства (импровизирани електронски уреди). Со тоа се создава безбедна зона околу персоналот и военaта опрема.

**„GRIFFIN FORCE“**

Сојузниците на НАТО во 2014 година одлучија да ги зајакнат Силите за одговор на НАТО (NRF) со сили кои се високо подготвени и со можност да се распоредат во рок од неколку дена, со

цел да одговорат на сите предизвици што можат да се појават. Тие се многу подготвени и технолошки напредни мултинационални сили, составени од копнени, воздушни, поморски и сили за специјални операции. Алијансата може да ги распореди брзо и секаде каде што е потребно, а можат да реагираат за многу кратко време во рамките на целиот опсег на безбедносни предизвици (од управување со кризи до колективна одбрана). Силите за одговор на НАТО можат да делуваат самостојно или во некоја операција како претходница на поголеми сили. Во таа насока, вежбата „GRIFFIN FORCE“ е насочена кон обука на копнената компонента на НАТО, поточно на брзи сили за употреба при операции за поддршка на мирот или во кризни ситуации (Very High Readiness Joint Task Force - VJTF), за обука на командите вклучени во нивното распоредување, како и извежбување на нациите-домаќини на вежбата. Станува збор за голема вежба со околу 20.000 војници кои учествуваат. Целта е да се обучи ангажирање на НАТО силите и нивната брза воена мобилност. Вежбата вклучува распоредување на силите на НАТО во кризна ситуација за да се практикува подготвеноста на Алијансата да обезбеди колективна одбрана на нејзините членки. Таа го покажа брзото активирање и распоредување на сојузничките оперативни единици и јасно ја покажа својата способност да ја зајакне Алијансата во случај на регионална криза.



Сојузниците и партнерите на НАТО спроведуваат вежби за тестирање на усвоените процедури и тактики, како и идентификување области за подобрување. Силите на НАТО се обучени, способни да работат заедно и подготвени се да одговорат на секоја закана од која било насока. Тие треба да ги покажат, да ги развијат и да ги подобрат обемните воени способности со кои ги чуваат нашите нации безбедно



**„DINAMIC MANTA“**

Генерално, постојат четири области во кои НАТО може да придонесе за безбедноста на државите. Првите три се „основните задачи" на НАТО, како што е дефинирано од страна на стратегискиот концепт на Алијансата: одвраќање и колективна одбрана, управувањето со кризи и кооперативна безбедност. Поморската безбедност ја претставува Четвртата област. Од самитот во Велс, Алијансата ја спроведува својата поморска стратегија. Овој амбициозен потфат опфаќа модернизација на поморските капацитети на НАТО, обемна програма на поморски вежби и обука, како и продлабочување на соработката помеѓу НАТО и партнерите. На вежбата „DINAMIC MANTA“ учество земаат поморските и воздушните сили-бродови, подморници, поморски патролни авиони и хеликоптери со својот персонал, кои работат во релативно мала област на дејствување и во сложено поморско опкружување. Кај дел од средствата постои можности за конвенционално и нуклеарно вооружување. Вообичаено таа се реализира во централниот дел на Средоземното Море. Овој дел на Медитеранот е особено важен, со оглед на постојаните поморски патишта, развиената трговија и заштитата на бродовите со подморници кои крстосуваат во сите правци. Во суштина вежбата има цел зајакнување на интероперабилноста, покажување присуство на НАТО во поморска средина, подобрување во доменот на командувањето, контрола и комуникации на воените сили на НАТО. Се истакнува зголемување на меѓусебното разбирање на сите сили-учеснички, подготвувајќи ги за операции во мир, криза и конфликт со поморска посветеност на сојузниците за колективна одбрана. Минатата година, осум сојузници на НАТО зедоа учество на вежбата (Белгија, Франција, Германија, Грција, Италија, Шпанија, Турција и САД). Таа и понатаму останува една од најпредизвикувачките вежби, со цел поморските сили на НАТО да вежбаат и да ги усовршат своите вештини во сите три димензии на противподморничката војна и во мултинационална средина со повеќе закани.

Вежбата е под контрола на Поморската група 2 на НАТО (Standing NATO Maritime Group 2 - SNMG2), која е постојана поморска сила за итна реакција на Алијансата, со цел да обезбеди непосреден оперативен одговор. Групата беше распоредена од страна на НАТО, во близина на Сомалискиот Брег, за да ја спроведе операцијата „Allied Protector“ за одвраќање, одбрана и заштита на бродовите на Светската програма за храна за обезбедување хуманитарна помош, пред сè, од закана од пиратерија и вооружен грабеж.

Драган Павловски



# Под знамето на ОН

## Употреба на сила во мировните операции
## Почетоците на UNEF I (1956 – 1967 г.)

Мировните сили UNEF I (United Nations Emergency Force) биле распоредени на Блискиот Исток од 1956 г. до нивно повлекување на барање на Египет во 1967 година. Нивниот мандат имал цел да се обезбеди и да се надгледува прекин на непријателствата, вклучително и повлекување на вооружените сили на Франција, на Израел и на Велика Британија од египетска територија и воспоставување тампон-зона помеѓу египетските и израелските сили, како и непристрасен надзор на прекинот на огнот. UNEF ги поставиле основите за развој на норми за мировните мисии на ООН, вклучително и оние кои се однесуваат на употреба на сила. Иако тоа не била прва мировна операција на ООН, ниту прва во која била инволвирана војска, таа била првата мисија во која персоналот бил вооружен. Претходно, во мисиите UNTSO на Средниот Исток (1948 г.) и UNMOGIP во Индија и во Пакистан (1949 г.), биле ангажирани само невооружени воени набљудувачи. Сè започнало во 1956 г. со национализација на компанијата „Suez Canal Company“ од страна на Египет и со еднострана контрола на поморскиот сообраќај низ Суецкиот Канал, на што се спротивставиле Франција и Велика Британија. Решавањето на проблемот го презел Советот за безбедност (СБ) на ОН со испраќање мировни, вооружени сили на теренот. Мировната операција требало да се спроведе со претходна согласност и соработка на страните во конфликтот, со извршување на



три главни задачи: обезбедување на повлекувањето на завојуваните страни, укажување помош на цивилните власти и спречување насилство во граничниот простор (инфилтрација или вооружен упад). Иако вооружени, на припадниците на UNEF им било дозволено користење на оружјето само во самоодбрана и со максимална воздржаност.

## Обезбедување на повлекувањето на завојуваните страни

Припадниците на ООН биле стационирани на египетска територија и започнале со патролирање на линијата за демаркација помеѓу Египет и Израел. Дел од нив навлегле во пристанишните градови на Средоземното Море – Порт Саид и Порт Фуад, каде презеле одговорност за одржување на редот во одредени области, во соработка со локалните власти.
Во тој период немало регулативи за употреба на сила во рамките на мисијата и единиците од UNEF дејствувале во согласност со националните инструкции. Шведскиот контингент, на пример, можел да отвори оган во случај кога на војниците им е отворен непријателски оган; кога останатиот персонал на UNEF е нападнат и кога вооружени лица приоѓаат кон персоналот на UNEF, со очигледна намера да ги нападнат.
Првиот случај кога мировните сили на ООН некогаш употребиле оружје бил во Порт Саид на 14 декември 1956 година. Откако биле фрлени три рачни бомби и бил отворен оган од пешадиско оружје врз норвешката патрола (на возила), огнот бил возвратен во самоодбрана. Следното утро бил отворен оган и на шведската патрола. Во инцидентите немало жртви. Командантот на UNEF, канадскиот генерал Eedson Louis Burns, веднаш испратил протест до египетската Влада, барајќи месното население да се воздржи од акти на насилство при повлекувањето на нивната војска. Генералниот секретар на ОН бил информиран за настаните, предупредувајќи за чувствителноста на операцијата и за можноста од употреба на сила од страна на мировниците. Сепак, не се пристапило веднаш кон дефинирање на правилата за употреба на сила, иако јавноста била информирана дека сила била користена и за други цели, освен за самоодбрана.
Првиот инцидент со употреба на сила помеѓу UNEF и израелските сили се случил на 1 февруари 1957 година, кога шведска патрола пресретнала израелски војници кои следеле група бегалци. Шведската патрола испукала предупредувачки истрели по што, на нив бил отворен оган од пушкомитралез. Во инцидентот немало жртви. Генералот Burns испратил протест до израелската Влада, осудувајќи го отворањето на оган и движењето на израелски војници во забранетите зони.

## Укажување помош на цивилните власти

По заминувањето на израелските сили, задача на UNEF била да ја преземе администрацијата во областа Газа, сè до постигнување договор за нејзино преземање од страна на египетската Влада. Навлегувањето на мировниците во таа област се покажало како најпроблематично во рамките на мисијата на ООН во тој период.
Настанатите инциденти во тоа време го иницирале и дефинирањето правила за употреба на сила од страна на мировниците.
На 10 март 1957 г., само четири дена откако UNEF влегле во Газа, демонстрациите пред Агенцијата на ОН за помош на палестинските бегалци (UNRWA) станале заканувачки. Генералот Burns лично наредил данско-норвешкиот баталјон „Danor“ од UNEF да употреби солзавец за разбивање на толпата, што се покажало успешно. Во помош на „Danor“ пристигнала и нејзината резерва, по што отвориле оган од пешадиско оружје, пукајќи над главите на демонстрантите. Толпата била целосно разбиена. Иако генералот Burns признал дека пукањето над главите на толпата не бил препорачан начин за справување со немири, во случајов тоа функционирало. Подоцна се дознало дека едно лице било погодено од





куршум (веројатно од рикошет), и тоа починало два дена подоцна.

## Спречување насилство во граничниот простор

Со преземање на обврската за патролирање долж линијата на раздвојување и меѓународната граница, со цел спречување на кршења на меѓуграничниот режим, неминовно се поставиле две клучни прашања поврзани со употребата на сила од страна на мировните сили. Првото било во врска со постапките со лицата кои се инфилтрираат (вооружени и невооружени) и второто, повеќе теоретски, околу тоа како и дали да се употреби сила во случај на воен упад или инвазија од страна на значителен број египетски или израелски сили.
Контролирањето на линијата за раздвојување била потешкиот предизвик. Инфилтрирањето на лица (во најголем број палестински бегалци) била многу честа појава, но и упадите на израелски воени единици не биле невозможни.
Преку ден целата должина на демаркационата линија од 59 km била набљудувана од околу 72 набљудувачници на UNEF. Ноќе, набљудувачите биле заменувани со патроли од по 5 до 7 војници.
Во подготовките на UNEF за извршување на задачи во улога на чувар на границите, бил издаден Прирачник за операции во кој била пропишана постапка со инфилтрирани лица, и тоа биле први детални напишани инструкции, издадени од Командата на UNEF и ООН, за употреба на сила, и први такви насоки од Командата на ООН во мировна операција. Во врска со употреба на оружје, Прирачникот предвидувал:
1. Општо, припадниците на UNEF не би требало да отворат оган, освен ако не е отворен оган кон нив, и тоа само за сопствена заштита.
2. Предупредувачките истрели да не се користат преку ден.
3. Дозволени се предупредувачки истрели ноќе, во случај на приоѓање на патрола или набљудувачница на ОН од страна на непознати лица и истите не запираат на повик да застанат.
Со Прирачникот веќе не биле дозволени постапки слични на акцијата на шведската патрола кога оваа патрола пукала предупредувачки истрели кон израелската патрола во дневните часови. Исто така, било исклучено пукање во текот на ноќта кон непознати лица кои одбиваат да застанат, освен ако истите





претставуваат закана за единиците на UNEF. Командантот на силите на ОН, генералот Burns, не бил задоволен со пропишаните инструкции.

## Искуства

Се смета дека UNEF бил одреден политички и воен успех на ООН, покрај другото, и заради вспоставувањето на клучните мировни принципи – согласност, непристрасност и употреба на сила само во самоодбрана, што на терен било одлично практикувано.
Мандатот на UNEF I завршил, главно, без употреба на сила за исполнување на своите цели. Биле регистрирани мал број инциденти во кои била употребена сила, главно против нелегални преминувачи на линијата на раздвојување, кои употребиле или биле подготвени да употребат сила против силите на UNEF. Во целина, сила се користела многу ретко, а слободата на движење на теренот главно била непречена, освен последните денови на мисијата.
Но, и покрај тоа, UNEF не успеал целосно да ги реши сите дилеми создадени од прашањето за употреба на сила – употребата на сила кога не е во самоодбрана, за спречување нелегални преминувања, како поддршка на цивилните власти. На стратешко ниво, останало отворено и прашањето: Дали мировниците на ООН би можеле да употребат сила за da se спречі големо кршење на договорените гранични протоколи и договори за прекин на огнот?
Во врска со инфилтрирањето, UNEF применил низа решенија, кои довеле до дефинирање на значењето на употреба на сила во рамките на мисијата и на таквата политика, по што постепено се стекнале со искуство во постапувањето со таквите прекршители на договорот, без употреба на сила. Сепак,



прашањето за употреба на сила, кога не е во самоодбрана, за заплашување или за спречување на вакви инциденти, не било затворено на задоволство на страните во конфликтот.
Во врска со укажувањето помош на цивилните власти, UNEF I регистрирале дилеми со кои се соочиле мировниците кои произлегуваат од дискретната примена на сила за зачувување на редот и мирот, без да станат завојувана страна во конфликтот. Врз основа на малкуте искуства, било забележано дека секоја употреба на сила може да биде одредена провокација за локалното население и дека без поддршка од локалните власти, лесно вооружените мировници на ООН биле особено ранливи на напади.
Што се однесува до правото на мировниците да се спротивставуваат на упади на регуларните вооружени сили преку границите за кои се овластени да ги обезбедуваат, било заклучено дека силите на UNEF немаат право на употреба на сила во вакви ситуации. Тие немале право да се спротивставуваат со оружје на регуларна војска, како и на нејзиното разоружување, доколку не била загрозена нивната лична безбедност. UNEF, всушност, не бил ни опремен за такви дејства.
На прашањето дали UNEF, сепак, требало да бидат овластени, оспособени и опремени за спротивставување на египетската или израелската инвазија, генералот Burns искоментирал: „Поголема и покохерентно организирана сила би можела да биде подобар инструмент за спроведување на политиките на ООН“. Во периодот по UNEF I, тој продолжил да апелира дека е неопходно идните мировни сили на ООН да бидат подобро вооружени и мобилни или, барем, еднакво на локалните воени формации, од кои постои одредена закана од акти на непријателство. „Вкупната вооружена сила, или бројот на единици во состав на силите на ООН не би требало да биде еквивалентна на вооружена формација на која било страна во конфликтот, но би требало да биде доволно голема за да биде пресуден фактор за спречување на обновени борби или провокации, подготвени да користат сила доколку е потребно. Самото присуство на „Сините шлемови“ или „Сините баретки“ не е доволно“ – изјавил генералот на крајот.
Во извршувањето на задачите од страна на мировните сили, правото на употреба на сила би можело да се применува во одредени случаи, но под строго дефинирани услови. Тоа е така заради фактот што толкувањето на правото на самоодбрана не е прецизно определено и може да ги изедначи мировните операции со борбените. Во случајот со UNEF, примената на правилото – припадниците на мировните сили во операцијата да не преземаат иницијатива и да употребуваат вооружена сила, но да можат да одговорат на вооружени напади, вклучително и обиди за употреба на сила, со цел да ги натерат напаѓачите на повлекување, била оптимална дефиниција. Генералниот секретар на ОН во тоа време, Dag Hammarskjöld, препорачал оваа дефиниција да биде применета во идните операции на ООН. Така, тој, за прв пат ја дефинирал разликата помеѓу операциите за одржување на мирот (peacekeeping operations), во кои мировните сили би биле овластени да применуваат сила само во самоодбрана, и операции за спроведување на мирот (peace enforcement), во кои мировниците можат да користат сила и кога не е во самоодбрана. Клучно е, потврдил Hammarskjöld „...силите на ООН да бидат распоредени со јасен мандат, што апсолутно не дозволува вмешаност во какви било внатрешни или локални проблеми и им овозможува да ја задржат својата неутралност во однос на меѓународните политички теми“.
На крај, веројатно, одлуката за употреба на воени единици за првата операција за одржување на мирот во светот е донесена затоа што се сметало дека тие биле единственото решение со кое располагале членките на ОН за самоодржливост на теренот и за брзо и организирано распоредување на Блискиот Исток.

М.С.





# Во сенката на целосна војна: Стратегијата на Соединетите Американски Држави во Студената војна - прв дел

Студената војна претставува ера која не била војна ниту, пак, обезбедила мир, ниту покажала дека за период кој траел 50 години, двете светски суперсили учествувале во борби преку целиот спектар на судири, необјавувајќи војна, но користејќи ги сите инструменти на националната моќ. Советската посветеност на меѓународната комунистичка револуција, заедно со нивната агресивна надворешна политика насочена кон проширување на револуционерните идеи, заедно со американската стратегија за задржување и ограничување на ширењето на советската агресивност и меѓународниот комунизам, ја одржувале можноста за започнување на Трета светска војна. Наместо тоа, САД и СССР ги одржувале меѓусебните дипломатските односи и ја употребувале сопствената воена моќ преку своите сојузници, избегнувајќи директен, меѓусебен воен судир. Во Европа, двата противници, организирале сојузи кои располагале со големи армии во период на релативен мир, сепак дефиниран преку воената спротивставеност на двата блока на сојузи. Надвор од Европа, суперсилите се натпреварувале за влијание врз новоформираните нации настани по распадот на европските империи и Јапонската империја. И покрај стравовите за светски нуклеарен судир и способностите на суперсилите да се уништат меѓусебно во нуклеарна војна, тие не употребиле нуклеарно оружје.  Кога имало воен судир, тој не бил директен и помеѓу двете суперсили и, според тоа, ограничените војни го карактеризираат период на Студената војна. Ограничените војни може да се поделат во две групи: (1) помеѓу една суперсила против сојузник на другата суперсила и (2) помеѓу сојузници на двете суперсили. Во Студената војна конфликтите се префрлиле во земјите во развој, врз кои суперсилите се обидувале да го прошират своето влијание. Обидите за повторно воспоставување на колонијални режими резултирале со војни за независност и деколонизација кои биле инспирирани од идеолошкиот судир на Студената војна и финансирани од суперсилите. Овие карактеристики се запазени во внатре-државните судири и судирите помеѓу држави. За САД и СССР, главен напор останало одржувањето на Студената војна преку помали судири за проширување на сопственото влијание или ограничување на влијанието на противникот во земјите во развој. Спротивставените блокови ги користеле локализираните судири за остварување на сопственото регионално и глобално геополитичко влијание.

Според Мелвин П. Лефлер (Melvyn P. Leffler, „The Emergence of an American Grand Strategy"), на САД им бил потребен слободен светски пазар и отворен систем за светска трговија за пласирање на вишокот на индустриско производство и избегнување на рецесија. Освојувањето на нови пазари, воедно ќе успеело на противникот да обезбеди контрола на суровините во Европа и во Азија. САД биле подготвени за таа цел да ги користат своите утврдени економски и политички пракси и воена агресија. Целта на претседателот на САД, Хари С. Труман, била да создаде меѓународна средина која ќе го одразува американскиот начин на живеење. Тој се фокусирал на отстранувањето на последиците

од американскиот изолационизам во периодот помеѓу двете светски војни кој овозможил ширење на комунизмот и следственото губење на влијанието на САД врз изворите суровини во Европа и Азија. Загриженоста на Труман била толку голема што во еден момент, на Сталин, му има понудено враќање на островот на Сахалин и Курилските Острови во замена за прекинување на советската поддршка за кинеските комунисти. Во Европа, советските „интервенции“ во Бугарија и во Романија предизвикале страв кај администрацијата на Труман од евентуалната советска инвазија на Турција. Можната советската контрола над Босфорот и Дарданелите го предизвикале Труман да размислува за стратегија на задржување на ширењето на комунизмот и влијанието на СССР. Овие околности го поставиле Труман помеѓу чеканот и наковалната. Еден од проблемите со кои бил соочен била потреба обезбедување на дополнителна помош на европските сојузници кои биле разрушени од Втората светска војна, што пак повлекло одлагање на најавените даночни реформи во САД. Тој морал да се одлучи помеѓу засилување на воено присуство на САД во Европа или соочување со внатрешно-политичките потреби на САД, што би значело непречено ширење на влијанието на СССР. Труман знаел дека ширењето на комунизмот нема да може да биде сокриено и имајќи предвид дека САД имале цврста контрола над окупираната Јапонија, се сконцентрирал врз зацврстување на своите сојузници во Европа. На 5 јуни 1947 г. била претставена Европската програма за закрепнување (European Recovery Program), со цел „да ја оживее светската економија и да ги помогне создавањето на политички и економски услови за постоење на слободни институции.“ Најголема опасност за интересите на САД во Европа, во тој период, претставувало соединувањето на советскиот човечки потенцијал и суровини со западно-европските технолошки вештини и напредна индустрија.





САД се соочувале со сложената задача за обновување на германската воена моќ без притоа да се обнови нивната агресивност. На крајот, државниот удар во Прага, поддржан од Советите, и активностите на новоформираната Централна Разузнавачка Агенција (CIA) на САД во Италија за пораз на италијанските комунисти во 1948 година, ќе го забрзуваат спроведувањето на Маршаловиот план за обнова на Европа, со кој за Европа ќе се обезбеди економска помош во висина од 13 милијарди американски долари. Со поврзувањето на САД со индустријализираните јадра во Европа и во Јапонија, се појавила потреба за обезбедување на суровинските основи во Африка и остатокот од Азија. Искористеноста на индустриските јадра зависела од успехот на задржувањето на ширењето на комунизмот во Африка, во Кина и во Кореја.

По крајот на Втората светска војна, Советите ја задржале предноста во конвенционални и копнени сили, но им недостасувале развиени поморски сили, стратегиски воздухопловни сили, развиена економија и нуклеарно оружје. Оваа рамнотежа на силите траела до успешниот нуклеарен тест на Советите во 1949 г. По успешната консолидација на моќта на Мао Це Тунг во Кина, САД се соочиле со опасноста од ширењето на комунизмот преку Виетнам и Хо Ши Мин, на Малезискиот Полуостров, во Индонезија и на Филипините. Ваквата поставеност на меѓународните односи предизвикала прифаќање на зановена доктрина за безбедност на САД, т.е. познатиот документ „NSC-68“ од 7 април 1950 година. Оваа доктрина предвидувала нуклеарна супериорност на САД и превласт со воздухопловните сили за да се одврати СССР од користење на сопствените нуклеарни потенцијали. „NSC-68“ оди преку задржувањето на ширењето на влијанието на СССР и на цели за намалување на моќта и на влијанието на СССР, така што тие не би биле во можност да бидат закана за меѓународниот мир и стабилност.

Со оваа доктрина, САД го зголемиле военото присуство во Европа со уште четири дивизии, воени бродови од 238 на 397, воздухопловните бригади од 48 на 95, а вкупниот буџет за одбраната бил зголемен на 140 милијарди американски долари. Труман, со преземените мерки и активности, успеал да избегне изолација на САД од индустриските и суровинските основи во Европа и во Азија, преземајќи притоа дополнителни одбранбени мерки и активности кои би предизвикале банкротирање на САД. Тој, воедно, успеал Студената војна, на почетокот, да ја претстави како борба помеѓу слободниот свет и комунизмот, умешно избегнувајќи ја темата за одвраќањето од целосна војна, претставена преку нуклеарното оружје што го поседувале САД.

Томица Ристоски




Концептот на дезинформирање, кој иако не е производ на 21 век, денес, помогнат од напредните технологии и огромната количина на информации која се пренесува на светско ниво, претставува еден исклучително комплексен феномен со кој е навистина тешко да се справи секоја индивидуа, организација или држава. Секако, првиот чекор кон креирањето на отпорност на штетните информации со кои се соочуваме секојдневно е нивното разбирање – што тие претставуваат, како се класифицираат и која е намерата на оној кој ги испраќа

Во суштина, не секоја штетна информација може да се класифицира како дезинформација и не секој пренос на фактички неточна информација има намера да нè измами. Науката, штетните информации ги класифицира во три типа: мис-информации, односно фактички, неточни информации, за кои лицето кое ги пренесува е убедено дека се точни; дезинформации – информации кои се неточни и за кои нивниот испраќач знае дека тие се фактички неточни и мал-информации, односно информации кои се базирани на реалноста, но се наменети да му нанесат штета на одредено лице, организација или држава, во определен временски период во кој тие информации би имале најголема тракција кај клучната јавност. Имајќи предвид дека нашиот фокус се дезинформациите, треба да се спомене дека НАТО алијансата нив ги дефинира како „намерно креирани и дисеминирани информации кои се неточни или манипулирани, а чија главна цел е да нè измамат или да нè наведат на погрешно мислење“. Манипулацијата со граѓаните е само една од опасностите кои ги носи ширењето на дезинформациите. Тие можат да креираат недоверба




# ДЕЗИНФОРМАЦИИ

## Како да ги препознаеме за да можеме да се справиме со нив

во институциите на системот, во меѓународните норми и институции, да влијаат врз еден од најважните процеси во демократијата – изборите, како и врз перцепцијата за клучните предизвици со кои се соочува човештвото, како пандемијата или климатските промени. Всушност, дезинформациите, својата сила ја влечат и од т.н. „недостатоци во резонирањето“, кои се дел од човековата природа, како на пример, напад врз личност, наместо кон аргумент, поттикнување на емотивен наместо рационален одговор, обвинување за хипокризија за да се оправда одредена несоодветна активност, укажувањето дека одреден минорен настан ќе предизвика огромни последици, лимитирањето на можните опции на само две или донесувањето на заклучок без доволен број докази. Сево ова, ставено во контекст на дезинформациите, веднаш добива своја форма – напад врз новинари, но не на пренесената информација, туку на нивната личност, и тоа единствено при обид за лично дискредитирање, или обидите за оправдување на агресија со споменување и нејзино израмнување со настани од минатото. Впрочем, пандемијата на корона-вирусот е еден одличен пример за тоа како еден таков недостаток во резонирањето се користи за напад со дезинформации. Анализирајќи го наративот на одредени медиуми од самиот почеток на пандемијата, причината за појавата на корона-вирусот се лимитира единствено на неколку можни опции: или вирусот не постои; или тој бил продукт на „западни лаборатории“, или, пак, е начин за водење на специјална војна против одредена земја или група земји. Овој наратив ја користи „човековата природа“ и „де факто“ не овозможува да се развие поинакво размислување. Уште една значајна карактеристика на дезинформациите е драматичната брзина со која тие се шират. Интернетот, кој ја зголеми достапноста до информации, до различни типови на мислења и до различни перспективи, иако е важна алатка за демократизацијата на општествата, креираше нови предизвици. Анализата, насловена како „Ширењето на точните и на лажните вести он лајн“, публикувана во магазинот „Наука“, пренесува едно истражување на Медиумската лабораторија на реномираниот МИТ (Massachusetts Institute of Technology). Според оваа лабораторија, „лагите се пренесуваат побрзо и пошироко од вистината, односно лажните информации имаат 70% повеќе шанси да бидат пренесени преку социјалните мрежи отколку вистината“. Имајќи ги предвид новите технологии, ширењето на дезинформации станува сè пософистицирано и поагилно, особено кога целта се т.н. микро клучни публики. Врз нив се користат соодветно креирани пораки кои би имале најголемо влијание, а преносот се врши преку платформи кои тешко можат да бидат набљудувани, како што се, на пример, апликациите Facebook, Messenger, WhatsApp и други апликации слични на нив. При ширењето на дезинформациите се користи вештачка амплификација преку ботови на социјалните мрежи или преку имитирање, односно лажно претставување како одреден етаблиран медиум или владина институција, користејќи ги обележјата за брендирање (бои, фонтови, логоа) на тој медиум/институција.




Иван Петрушевски



# Успешно реализирана националната теренска вежба „Блесок 22“

Во Кампот за обука „Пепелиште“, со воена церемонија се означи почетокот на националната теренска вежба „Блесок 22“, која се реализираше во периодот од 3 до 11 април, со изведување на активности на: Армискиот полигон „Криволак“, Кампот за обука „Пепелиште“, Касарната „Јане Сандански“ – Штип и Касарната „Страшо Пинџур“ – Петровец

Основната цел на вежбата „Блесок 22“ е оценување на борбената подготвеност на Лесниот пешадиски баталјон (лпб), во согласност со стандардите за оценување на копнени команди и единици на Здружената команда за операции на НАТО – CREVAL (Combat Readiness Evaluation). На церемонијата за отворање на вежбата, на која присуствуваа командантот на Командата за операции, бригадниот генерал Бесник Емини и командантот на Првата пешадиска бригада, полковник Сашко Лафчиски, пред учесниците на вежбата се обрати директорот на вежбата, потполковник Зоран Сумрачки. Притоа, тој истакна дека со успешна реализација на оваа вежба имаме можност да покажеме дека сме подготвени да дејствуваме заедно со нашите сојузници, во согласност со единствените стандарди кои се потребни во заедничкото делување во справување со современите безбедносни закани.

Според планот на активности на вежбата, во текот на наредниот ден во касарната „Јане Сандански“ во Штип започнаа првите активности за оценување на единицата по елементите на оценување во мирновременски локации.
За реализација на вежбата „Блесок 22“ се користеше фиктивно сценарио, при што се креирани настани и инциденти кои овозможуваат единицата да се извежба и да се оцени во согласност со НАТО стандардите, односно Лесниот пешадиски баталјон да може да ја демонстрира својата борбена готовност и да се соочи со сложеноста на бојното поле. Оценувањето го спроведуваше Национален тим за оценување, кој е сертифициран од страна на НАТО школото за вршење на оценување на борбена готовност на копнените сили, според стандардите и процедурите на Алијансата, при што се оценуваат постапките во седум различни области на способност.
За секоја област се одредени лидери на тимови и соодветен број на оценувачи, во зависност од обемот на оценувањето.
Оценувањето се изведува во 2 фази, и тоа оценување на мирновременска локација и на терен. На крајот од оценувањето се потпишува формалниот извештај од страна на НАТО набљудувачите и директорите на оценувањето, по што резултатот ѝ се соопштува на оценуваната единица.
Ова е прво оценување на поголем состав во Армијата по нашето полноправно членство во НАТО, за чија успешност, голем мотив се високите оценки кои ги добиваме во досегашните години од страна на НАТО за успешно изведените вежби на претходните оценувања на декларираните состави, но и при извршувањето на мировните мисии.
На вежбата учествуваат околу 1100 припадници од Армијата на Република Северна Македонија, како и одреден број на оценувачи и набљудувачи од НАТО.
По успешно завршеното оценување на Лесниот пешадиски баталјон (лпб) во рамки на воената вежба „Блесок 22“, пред присутните , на 11 април, на армискиот полигон „Криволак“, во рамки на програмата на „Денот за високи гости“, се изведоа вежбовни активности на кои се презентираше нивото на подготвеност на лпб во изведување на здружени тактички задачи. Преку изведба на офанзивни операции на единиците од составот на





Лесниот пешадиски баталјон, со поддршка на хеликоптери од воздухопловниот ВИНГ и артилериски орудија, се демонстрираа постапки и активности со кои се прикажа подготвеноста во изведувањето на воени операции според единствените НАТО стандарди, кои се потребни за заедничкото делување, и со тоа се потврди добиената оценка – „Борбено оспособени за извршување на својата мисија“.

По завршување на вежбовните активности, министерката за одбрана Славјанка Петровска и началникот на Генералштабот, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, на учесниците на вежбата им ја честитаа успешната реализација.

Началникот на Генералштабот, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, им оддаде признание на припадниците на 2. пешадиски баталјон, на 1.пешадиска бригада и на Командата за операции и, воедно, изрази благодарност до МО за континуираната поддршка во сите фази на подготовки за создавање на предуслови за реализација на оваа вежба и за оценувањето, кое беше реализирано изминатата недела.

„Успешното оценување на нашата Втора декларирана единица во Армијата за НАТО-водени операции е навистина големо достигнување, и на сето ова ние сите се гордееме. На сите нас, припадниците на Армијата, во поддршка со надлежните институции, ни останува процесот на модернизација и опремување соодветно да го одржиме и надградиме, со што единицата ќе биде подготвена да одговори во секој момент на сите претстојни предизвици“ – додаде генералот Ѓурчиновски.

Министерката за одбрана, Славјанка Петровска, во своето обраќање истакна: „Не беше лесно, немаше ни многу време, но професионалноста и посветеноста на нашата армија денес доби уште еден печат – нашиот Лесен пешадиски баталјон е оценет како „Борбено способен за извршување на својата мисија“ според најстрогите НАТО стандарди под мониторинг на искусни набљудувачи од НАТО Алијансата. Осумдесет и пет проценти од домашните оценувачи се сертифицирани во согласност со највисоките стандарди на Алијансата, што драстично го надминува НАТО стандардот од 50 проценти сертифицирани домашни набљудувачи. Ова покажува дека Армијата постојано се развивала, ги градела своите капацитети и вложувала во своите професионалци“ – рече министерката и се заблагодари за сојзничката поддршка од страна на САД и на Обединетото Кралство, кои помогнаа припадниците на Армијата да го постигнат овој резултат. Од страна на оценувачкиот тим, кој ја следеше реализацијата на предвидените активности, според листата на инциденти, по извршената анализа, се соопшти официјалната оценка – „Борбено оспособен за извршување на својата мисија“.

На оваа вежба Лесниот пешадиски баталјон ја покажа својата подготвеност во исполнувањето на преземените обврски од целите на способности на НАТО.

На „Денот за високи гости“, покрај министерката за одбрана Славјанка Петровска и началникот на Генералштабот, генерал-потполковник Васко Ѓурчиновски, присуствуваа и потпретседателот на Собранието, Горан Мисовски, министерот за внатрешни работи, Оливер Спасовски, претставници од Кабинетот на претседателот, претставници од Собранието, од Генералштабот и претставници на Министерството за одбрана, потоа генералите на Армијата, команданти на командите и единиците на Армијата, воените аташеи акредитирани во Република Северна Македонија и други гости.

Кристина Илиевска




КОМАНДА ЗА ОПЕРАЦИИ
БЛЕСОК-22 / FLASH-22
АПРИЛ 22 / APRIL 22
OPERATIONS COMMAND

# „Блесок 22“



# „А400М“– европски воен транспортен авион

Според градбата „А400М“ припаѓа на групата висококрилни транспортни летала, со Т-конструкциски изведена опашка, додека според погонот, припаѓа на групата на четиримоторни елисни летала. За изработка на конструкцијата во голем процент се користат алуминиумски легури, но и околу 30% композитни материјали. Во носот на леталото е вграден метеоролошко-навигацискиот радар „AN/APN-241E“, кој има можност и за мапирање на теренот со висока резолуција. Кокпитот на леталото на одредени позиции е оклопен (и стаклата), и овозможува заштита од лесно пешадиско оружје. Во внатрешноста се вградени 4 седишта (за пилотот, копилотот, а по потреба и дополнителен пилот и член за ракување со товарот). За управување со леталото од страните на пилотите се вградени управувачки палки, а рачките за управување со погонот се вградени централно, меѓу нив. Управувањето се изведува со електронски системи за контрола на летот од типот FBW („Fly By Wire“ – управување преку жица). На контролниот панел се вградени 8 LCD-дисплеи, 1 централно кај погонските палки (за набљудување на товарот). На плафонот од кокпитот има 2 склоплувачки пилотски HUD-системи, наменети за сложени тактички задачи. Целиот кокпит е приспособен за воено оперативно користење во ноќни услови и со помош на пилотски ноќни визири. За менаџирање и за контрола на летот се вградува системот „FMS400“, од компаниите „Thales“ и „Diehel Avionik Systeme“. Просторот за товарење на леталото поседува должина од 22,65 m, широчина од 4 m и височина од 3,85 m, односно корисниот товарен простор во леталото изнесува 340 m³, а максималниот товар е 37 тони. Во леталото може да се сместат 116 потполно опремени војници, додека при медицински транспорт во леталото има 66 носила, плус 25 лица медицински персонал. Освен товарни палети, артилериски орудија, транспортни возила и лесни оклопни возила, во внатрешноста на леталото може да се превезе и еден делумно раскопен транспортен хеликоптер од моделот „CH-47“ или „NH-90“. За полесно товарење-истоварување, на плафонот над десантната рампа има вградено кран со носивост од 5 тони, а внатре има чекрк за влечење на товарот во внатрешноста. Освен за транспорт, „А400М“ може да се користи како летачка цистерна за дополнување со гориво на хеликоптери и авиони. За оваа намена во леталото може да се сместат два резервоари со гориво. Преточувањето на горивото се изведува преку подвесен контејнер тип „908 Е“, од кои по еден може да се постави под секое крило, плус од кај карго-рампата може да се постави уште еден систем за преточување на гориво тип „808Е“. Стојниот трап на леталото е проектиран за полетување и за слетување од импровизирани површини. Предниот стоен трап поседува 2 тркала, додека задните стојни трапови поседуваат по 3 сета со по две тракала (вкупно по 6 тркала). Хидрауличниот механизам на задните стојни трапови овозможува спуштање на конструкцијата, со цел полесно товарење-истоварување. За заштита на леталото се вградува системот за детектирање од радарска озраченост „ALR-400“, сензорскиот систем „MIRAS“ а, по потреба, и лансери на мамки за ракети и ласерскиот систем DIRCM. Леталото е опремено и со мноштво други системи како, на пример, системот „TMLLF“, наменет за контола на летање на мала височина, различни комуникациски системи, меѓу кои и дигиталниот комуникациски систем „HF-9500“ и „SATCOM“, системот „MMMS“, наменет за контрола на сите сегменти од товарот (товарење, распоред, десантирање, истоварување) и друго. Од погон во леталото се вградуват 4 турбоелисни мотори „Europrop TP400-D6“, секој со максимална сила од 11.000 кс сили. Секој од моторите е опремен со 8 композитни закривени елиси од типот „Ratier-Figeac FH386“, со пречник од 5,3 m. Заради поголема стабилност во летот, елисите од моторите се ротираат во спротивен правец од соседниот мотор. Контролата на моторите се изведува со помош на дигитален систем „FADEC“. За разлика од другите елисни авиони, иновативниот мотор на „А400М“ му овозможува поголема височина на лет, поголема брзина и економичност. Во „А400М“ ќе се вградува и дополнителен агрегат-дериватив на „APS 3200“, наменет за стартување на главните мотори, за напојување авионика, за климатизација и друго, а се вградува и склопувачкиот погонски систем „Ram Air Turbine“, наменет за итни случаи, кога би дошло до целосно губење на електричата енергија.

Ивица Дамески







1. Сонда за дополнување на гориво во лет
2. Авионика
3. TACAN-антена
4. Надворешен флапс
5. SATCOM-антена
6. OBOGS-систем, разменувач на топлина
7. Чамец за спасување
8. Централни ребра од конструкцијата на крилата
9. Хидрауличен погон за закрилца
10. Резервоар за гориво во крилото
11. Пумпа за гориво
12. HF-антена
13. Вертикален стабилизатор
14. Кормило за управување по висина
15. Хоризонтален стабилизатор
16. Кормило за управување по правец




17. Рампа за товарење со димензии 7x4m и носивост од 6 тони
18. Внатрешен флапс
19. Елерон
20. Огноотпорна преграда
21. Елиса „FH386“
22. Турбоелисен мотор „Europrop TP400-D6“ со трансмисија
23. Систем против замрзнување
24. Клима-уред
25. Слетувачко светло
26. Лежалка за медицинска евакуација
27. Седиште во транспортен простор
28. Бочна врата
29. Работен простор со монитор за потребите на надгледувачот на товарот
30. Седиште за двајца помошници на пилотот
31. Седиште за пилотот
32. Метеоролошко-навигациски радар „AN/APN-241E“

| ТАКТИЧКО-ТЕХНИЧКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА „A400M“ | |
|---|---|
| ДОЛЖИНА | 45,1 m |
| ВИСОЧИНА | 14,7 m |
| ОПСЕГ НА КРИЛАТА | 42,4 m |
| ПОВРШИНА НА КРИЛАТА | 225,1 $m^2$ |
| ТЕЖИНА, ПРАЗЕН | 76,5 тони |
| ТЕЖИНА ПРИ ПОЛЕТУВАЊЕ | 141 тон |
| ВНАТРЕШНО ГОРИВО | 50,5 тони |
| КОРИСНА НОСИВОСТ | 37 тони |
| ПОГОН | 4 турбоелисни мотори „Europrop TP400“-D6“, секој со максимална сила од 11.000 кс |
| МАКСИМАЛНА БРЗИНА | 780 km/h |
| КРСТОСУВАЧКА БРЗИНА | 555 km/h |
| ПОЛЕТУВАЧКО-СЛЕТУВАЧКА ПАТЕКА | 980 m / 770 m |
| ПЛАФОН | 12.200 m |
| МАКСИМАЛЕН ДОЛЕТ | 8.700 km (со внатрешно гориво) |
| ДОЛЕТ СО МАКСИМАЛЕН ТОВАР | 3.300 km |




# Авион „CASA 295M“

Авионот „CASA C-295“ е средно-тактички транспортен авион, дизајниран од шпанската компанија „CASA“ во 1990-тите години (во тоа време како „CASA-Nurtanio CN-235“, претходник на „C-295“)

Тактиката, како метод за да се извршат плановите на стратешко и на оперативно ниво, како и да се постигне одредена цел, е можеби најзначајниот сегмент во една кризна или воена состојба. Во таа насока, потребни се одредени ресурси на тактичко ниво кон кои производителите во последно време сè повеќе се насочени. Авионот „CASA C-295“ е средно-тактички транспортен авион, дизајниран од шпанската компанија „CASA“ во 1990-тите години (во тоа време како CASA-Nurtanio CN-235, претходник на C-295). Од дизајнот до оперативната употреба на авионот поминало релативно кратко време. Дизајнот започнал во 1980 година, а шпанската и индонезиската сертификација е завршена во 1986 година. Авионот „CN-235“ стапил во употреба на 1 март 1988 година. Иако „CN-235“ првично бил дизајниран како воен транспортен авион, тој бил понуден и како комерцијален патнички авион. Сепак, не постигнал голем успех во оваа улога во споредба со конкурентните патнички авиони со 50 седишта како што се: „Fokker 50“, „ATR 42“ и „De Havilland Canada DHC-8“. Во 2000 година компанијата „CASA“ била инкорпорирана во Европската аеронаутичка групација (EADS) и авионот бил означен како „EADS CASA C-295“. Интересна е номинацијата на неговата ознака како „C-295“, која ја следи шемата на авионите дизајнирани од „CASA“ (со почетната буква C на производителот, потоа следува трицифрениот број, од кој првата бројка го означува бројот на мотори, а останатите две во овој случај ја покажуваат носивоста на авионот од 9,5 тони). Авионот „CASA C-295“ е оспособен и опремен ефикасно да извршува широк спектар на мисии: тактички и логистички транспорт, мисии со падобрански десант, задачи за носење товар, медицинска евакуација, поморска патрола, воздушно надополнување со гориво, како и за реализација на многубројни цивилни и хуманитарни мисии. Била планирана и посебна воздушна варијанта за рано воздушно предупредување и контрола. Производството и склопувањето на елементите и системите на авионот „C-295“ се реализира во Шпанија, поточно во капацитетите на „Airbus Defence and Space“ (претходно „Construccionnes Aeronáuticas SA“ – CASA), кои се лоцирани на аеродромот „Сан Пабло“ во Севилја. Авионот е надградена и модифицирана верзија на шпанско-индонезискиот транспортен авион „CASA/IPTN CN-235“, заеднички проект развиен од шпанскиот „Construcciones Aeronáuticas SA“ (CASA) и индонезискиот производител „IPTN“, но со издолжен труп, со 50% поголема способност за носивост и со нови турбопроп-мотори (Pratt & Whitney Canada).

Реализација на првиот лет била направена во ноември 1997 година, а Шпанија како прв оператор во 1999 година купила девет авиони. Истите модели две години подоцна стапуваат во оперативна употреба во шпанските воздухопловни сили. Како оперативен воздухоплов учествувал во бројни меѓународни операции, вклучувајќи ги и оние во поранешна Југославија, во Авганистан, Ирак, Либан и во Чад. Повеќе од 230 авиони од сите верзии на авионот се во оперативна употреба. Главниот конкурент на „C-295“ е авионот

„C-27J Spartan“, првично произведен од „Alenia Aeronautica“, потоа „Alenia Aermacchi“, а сега од компанијата „Leonardo“. Авионите биле конкурентни понудувачи на Програмата за карго-авиони на Армијата и Воздухопловните сили на САД. Авионот „CASA C-295“ се сметал за поголем ризик во текот на постапката при одлучување, поради употребата на новиот оперативен режим и исполнување на барањата за надморска височина и опсег. Од друга страна, „C-27J Spartan“ нудел висока оперативна ефикасност заедно со конкурентните трошоци, ниските пилотски оптоварувања, екстремна флексибилност, најдобри перформанси во својата категорија во сите услови и уникатна интероперабилност со посилни воздушни мотори, опремен со познатите Rolls-Royce мотори. Во него биле инсталирани и разни други системи користени на поголемиот авион „Lockheed Martin C-130J Super Hercules“. Овој тактички авион со најсовремени технологии во авиониката, погонските и другите системи, има специјализирани варијанти развиени за поморска патрола, пребарување и спасување, медицинска евакуација, C3 ISR (командување, контрола, комуникации, разузнавање, надзор и извидување), противпожарна поддршка, логистичко снабдување, хуманитарна поддршка, поддршка за цивилни итни операции, електронска војна и мисии за напад на цели на земја.

Во текот на 2012 година, компанијата започнала со реализација на неколку подобрувања на дизајнот познат како „C-295M“. Промените вклучуваат способност за носење одредени проектили, како и вградување пакет со системи за самозаштита (инфрацрвени системи и пасивен воздушен предупредувачки систем). Во 2016 година компанијата „Airbus“ била во процес на развој на нова платформа за полнење гориво (опремена со вакви системи, опционално ќе бидат инсталирани во централната линија на „C295“ за воздушно надополнување гориво за борбените авиони и хеликоптери). Новиот „C-295M“ е со карактеристичен дизајн и други модификации со можности за екстремно кратко полетување и слетување на полуподготвени писти и со големата носивост. Слетувањето и полетувањето од само 320 и 670 метри му овозможуваат пристап до пистите блиску до оперативни или кризни области, каде што се потребни продукти односно останата воена опрема. Авионот „CASA C-295M“ го објавил авионот во јуни 1997 година на саемот за воздухопловство во Париз, а првиот сериски авион го направил летот во 1998 година. Во 1999 година, шпанското Министерство за одбрана склучило договор за набавка на девет транспортни авиони „C-295M“. Обидот за влез во сегментот на цивилната авијација на почетокот завршил без успех, иако авионот добил цивилен сертификат. Првичниот неуспех за да биде дел од владините агенции и приватните компании, во 2017 година бил претворен во своевиден напредок кога компанијата го добила првиот договор во овој сектор со комерцијална верзија на авионот.

Драган Павловски

| ГЕНЕРАЛНИ КАРАКТЕРИСТИКИ: | |
|---|---|
| ПОСАДА | 2 члена |
| КАПАЦИТЕТ | 73 војници, односно 50 падобранци |
| МЕДИЦИНСКА ЕВАКУАЦИЈА | 12 до 27 носилки за ранети и повредени со интензивна грижа или медицинска помош |
| МАКСИМАЛЕН ТОВАР | 9250 кг |
| ДОЛЖИНА | 24,46 м |
| МАКСИМАЛНА ТЕЖИНА НА ПОЛЕТУВАЊЕ | 21.000 кг |
| БРЗИНА НА КРСТАРЕЊЕ | 482 км/час |
| ДОЛЕТ | 1555 км |
| ОПРЕМЕН СО ВООРУЖУВАЊЕ | |
| ОПРЕМЕН СО РАДАР И СИСТЕМИ ЗА ЛЕТ ВО СИТЕ ВРЕМЕНСКИ УСЛОВИ | |
| ОПЕРАТОРИ | Полска, ОАЕ, Бразил, Јордан, Алжир, Финска, Египет, Гана, Мали, Бангладеш, Индонезија, Филипини, Тајланд, Виетнам, Казахстан, Узбекистан, Чешка, Португалија, Шпанија, Оман, Саудиска Арабија, Канада, Чиле, Колумбија, Еквадор и Мексико. |







# „Ocelot/Foxhound Light Protected Patrol Vehicle“ (LPPV) – лесно заштитено патролно возило

Лесното заштитено патролно возило „Ocelot (LPPV)“ беше лансирано на Меѓународната изложба за одбранбени системи и опрема „DSEi-Defence Systems & Equipment International Exhibition“, одржана во Лондон во септември 2009 година

Лесното патролно возило на тркала „Ocelot (LPPV)“ е 7,5-тонско возило заштитено од мини. Се очекува истото да обезбеди подобра заштита и флексибилност од сегашните лесни возила на пазарот. Британското Министерство за одбрана го преименуваше „LPPV Ocelot“ во „Foxhound“ за да го усогласи со другите оклопни возила на тркала како што се „Mastiff“ и „Ridgback“. „Ocelot Foxhound LPPV“ беше специјално дизајниран да ги исполни побарувањата на програмата од 200 милиони фунти на МО на Обединетото Кралство за набавка на лесни заштитени патролни возила и да ги замени возилата „Snatch Land Rovers“ што се користат во армијата. Возилата „Snatch Land Rovers“ беа критикувани поради нивната неможност да обезбедат соодветна противминска заштита и заштита од IED бомби и бомби покрај патиштата во Ирак и во Авганистан. Целта на програмата за лесни патролни заштитени возила „LPPV“ беше до 2010 година да бидат произведени 400 лесни заштитени патролни возила. Министерството за одбрана на Обединетото Кралство купи две возила „Ocelot Foxhound“ за вршење на тестирање во април 2010 година. Првичната нарачка од 180 милиони фунти за 200 возила „Ocelot Foxhound“ беше направена преку процесот на итни оперативни барања (UOR) во ноември 2010 година.Во декември 2011 година беа нарачани уште 100 возила „Ocelot Foxhounds“, како дел од пакетот со вредност од 400 милиони британски фунти за лесни патролни заштитени возила и технологијата за борба против импровизиран експлозивни направи (C-IED) за британските сили во Авганистан. Договорот беше финализиран во јуни 2012 година. Возилото „Ocelot“ е заеднички развиено од страна на „Ricardo“ и „Force Protection Europe (FPE)“ под името „Team Ocelot“. Меѓу соработниците при развојот на возилото се и „Formaplex“, „DSG“, „Thales“, „QinetiQ“ и „Sula“. „Ocelot“, исто така, се натпреваруваше против



„Thales Hawkei“ и „MOWAG Eagle IV“ за да ги исполни барањата на австралиската армија за лесно заштитено мобилно возило (PMV-L) како дел од проектот Land 121 фаза 4. Клучните карактеристики како брзина, флексибилност, одржување и заштита на ова возило се слични како оние на возилото „Force Protection Mastiff“. Може да се користи за патрола, за огнена поддршка или како заштитено логистичко возило. „Ocelot LPPV“ вклучува автомобилски оклопен 'рбетен систем или „скејтборд“ на кој се монтирани различни специјални капсули. Овие капсули може да се одвојуваат и можат да се заменат врз основа на потребите на различни мисии (патролни мисии, мисии за огнена поддршка или за заштитени возила за логистика). Оваа комбинација на 'рбетниот систем „скејтборд“ и капсулите, заедно со напредната композитна технологија, го прави возилото „Ocelot LPPV“ флексибилно, со висок степен на преживување, високо заштитено од експлозии и мини. Возилото е долго 5,3 м, високо 2,3 м и широко 2,1 м. Управувањето со сите четири тркала му обезбедува радиус на вртење од 12 м. Друга уникатна карактеристика на возилото „Ocelot“ е тоа што има низок центар на гравитација, бидејќи сите тешки предмети се поставени под „скејтбордот“. До возилото може да се пристапи преку големи задни врати, двата горни отвори или преку големата командна врата. Патролната верзија на „Ocelot LPPV“ има капцитет од 6 седишта. Варијантата за огнена поддршка има капацитет за седење од двајца членови на екипажот и двајца војници, додека варијантата заштитено логистичко возило има капацитет за два членови.При максимална носивост од 2.000 кг, возилото може да достигне максимална брзина од 110 км/ч. Вкупната тежина на возилото е 7.500 кг. Потребата од ниско одржување на ова возило овозможува брзо менување на склоповите на терен наместо да се враќаат во основната работилница за какви било поправки. „Ocelot LPPV“ е така конструиран за да биде доволно флексибилен за извршување на бројни мисии во согласност со потребите. Склоповите на возилото може да се променат и да се вградат за 30 минути за да се приспособи за одредени мисии. „Ocelot LPPV“ е придвижуван од „Steyr M16“, 3,2-литарски турбодизел-мотор, кој развива 215 КС. Станува збор за шестцилиндричен, четиритактен дизел-мотор со турбополнач. Моторот на „Ocelot“ е поврзан со автоматски менувач „ZF“. Возилото е опремено и со шестбрзински автоматски менувач и со независни диференцијални оски што се заклучуваат. Се тврди дека моторот може да се замени во теренски услови во рок од 30 минути. Возилото има постојан погон на сите тркала. Сите тркала функционираат независно, така што другите тркала продолжуваат да работат ако едно од нив е издувано. Оцелот не е амфибиски. „Ocelot LPPV“ е подобрен носач на оптоварување со средна подвижност (IMMLC - improved medium mobility load carrier), кој има висока подвижност и значајни борбени перформанси. Системот за суспензија обезбедува 338 mm клиренс при нормални услови на оптоварување. Односот на моќност и тежина е 19,3 kW/t (25 kW/t во борбен режим). Возилото има труп во форма на буквата „V“, што обезбедува максимална заштита на екипажот и ги оттргнува експлозиите на мините подалеку од возилото. Трупот, кој се протега низ целата должина на возилото, ги вклучува и погонската линија, главниот резервоар за гориво, генераторот, батериите и агрегатот. Сите критични компоненти, како што се моторот, менувачот, резервоарот за гориво и одделот за екипаж се содржани во оклопното јадро, што ја одвраќа експлозијата подалеку од подлогата. Ова возило, коешто е отпорно на мини, обезбедува заштита на персоналот од директен оган и од парчиња на артилериски гранати. Кабината на „Ocelot“ е направена од напредни композитни материјали. Обезбедува заштита слична на металниот оклоп со плочи, но тежи помалку. Возилото „Ocelot LPPV“ може да се користи како возило за патрола, за огнена поддршка или како заштитено логистичко возило. Просторот на екипажот е одвоен од опремата за возење, со што се намалува опасноста од повреда од опремата за возење на екипажот за време на напад. Екипажот и останатите војници кои се транспортираат со возилото (dismounts) се одвоени со прегради поставени меѓу нив и се чуваат подалеку од електронската опрема на возилото, обезбедувајќи висока заштита. Возилото успешно ги помина тестовите против експлозија и тестовите за мобилност спроведувани повеќе од 12 месеци. Возилото „Ocelot LPPV“ може да се транспортира во авиони „C-17“, „C-130“ и „CH-47“. Возилото може да совладува вертикална препрека од 50 см и градиент од 60 %. Има максимална брзина на движење од 112 км/ч и автономија на опсег од 600 километри. Дополнително, возилото може да е опремено со инфрацрвена технологија за ноќно гледање и термичко снимање. Во опција е и централен систем за надувување на гумите и чекрк (витло) за самоизвлекување. Оператор на овие возила се Воените сили на Обединетото Кралство. Во 2012 година возилото беше распоредено во Авганистан, заедно со британските воени сили. Возилото „Ocelot“ дебитираше во 2009 година на настанот „Одбранбени системи и интернационално шоу за опрема“ во Лондон.

**КАРАКТЕРИСТИКИ И СПЕЦИФИКАЦИИ НА ПАТРОЛНОТО ВОЗИЛО „OCELOT“:**

| | |
|---|---|
| ПРОИЗВОДИТЕЛ | „Force Protection and Ricardo“ |
| ДОЛЖИНА | 5,3 метри |
| ШИРОЧИНА | 2,1 метри |
| ВИСИНА | 2,3 метри |
| ТЕЖИНА | 5,5 тони |
| ТЕЖИНА | 7,5 тони (бруто) |
| ПОСАДА | 2 екипаж + 4 војници (dismount) |
| КАПАЦИТЕТ НА НОСИВОСТ | 2000 кг |
| ВООРУЖУВАЊЕ | митралез 7,62 мм |
| МОТОР | „Steyr 3.2l engine |
| ТРАНСМИСИЈА | автоматска, 6 степени на пренос |
| ОСКИ | независни, диференцијали кои може да се заклучуваат |
| РАСТОЈАНИЕ ОД ЗЕМЈА | 338 мм |
| РАДИУС НА ВРТЕЊЕ | 12 м |
| СУСПЕНЗИЈА | 4x4 wheeled |
| ОПЕРАТИВЕН ДОСТРЕЛ | 600 км |
| МАКСИМАЛНА БРЗИНА | 110 км/ч |
| СОВЛАДУВАЊЕ НА НАКЛОН | од 60 % |
| СОВЛАДУВАЊЕ НА СТРАНИЧЕН НАКЛОН | 30 % |
| СОВЛАДУВАЊЕ НА ВЕРТИКАЛНИ ПРЕЧКИ | 0,50 м |
| СОВЛАДУВАЊЕ НА РОВ | 0,50 м |
| СОВЛАДУВАЊЕ НА ВОДЕНА ПРЕПРЕКА | 800 мм |

Идриз Идризоски



# „Hawker Tempest”

Во втората половина на Втората светска војна, сојузниците обезбедиле тотална доминација на европското небо. Неверојатните бројки на сојузнички авиони се должеле на огромната индустриска моќ на Советскиот Сојуз, Велика Британија и САД. Владеењето на европското небо било овозможено од воздухоплови кои извршувале многу разновидни улоги

Пред и по сојузничката инвазија во Нормандија на 6 јуни 1944 година, американскиот „Republic P – 47 Thunderbolt” и британскиот „Hawker Typhoon”, биле едни од најдобрите во извршување на своите улоги. Тоа значело уништување на непријателски логистички единици, мостови, магацини со оружје, оклопни возила, камиони-бункери и сè останато што претставувало закана. Британскиот „Hawker Typhoon” бил одличен, но на големи висини неговите перформанси значително опаѓале. Со цел да се подобрат карактеристиките на авионот за оперативна употреба на поголеми висини, се родил ловец, кој бил еден од најдобрите во Втората светска војна. Тоа е авионот „Hawker Tempest”. Уште во развојната фаза на „Hawker Typhoon”, дизајнерскиот тим предводен од аеронаутичиот инженер, Сидни Кам, ги предвидел сегментите кои можат да се подобрат. Иако „Hawker Typhoon” се сметал, генерално, за добар дизајн, авионот подлежел на мали проблеми со моторот и неспособноста на авионот да функционира во улога на пресретнувач на големи висини. Последното се должело од слабите прерформанси на крилата на „Hawker Typhoon”. Тие биле премногу дебели со дискутабилна конструкција. Сегментите кои ги превиделе за подобрување го родиле авионот „Typhoon II” подоцна познат како „Hawker Tempest”. Овој авион имал тенки и редизајнирани крила кои имале ниска стапка на воздушно струење. Крилата биле потенки за 13 сантиметри од крилата на „Hawker Typhoon” и овозможувале иновативно експериментирање во подоцнежните модели. Тие биле дизајнирани во полуелиптчна форма, со цел да се обезбеди простор за 800 парчиња муниција наменети за четирите топови „Hispano”, со калибар од 20 милиметри. Дизајнот на крилата подразбирал и поместување на топовите кон задниот дел на крилото за разлика од локацијата на топовите кај „Hawker Typhoon” кои „штрчеле” надвор. Тоа предизвикало и отстранување на внатрешните резервоари за гориво лоцирани во предниот дел. За да се добие истата количина на гориво како кај “Hawker Typhoon”, инженерите вградиле нов резервоар лоциран пред пилотскиот кокпит со капацитет од 345 л. Дополнителни два резервоари со капацитет од по 127 л биле вградени во коренот на крилата. Ладилниците за маслото се релоцирани во коренот на крилата, поточно во нападната секција на крилата. Тоа се случило кај прототипот на авионот „Tempest I” и тоа значело и елиминација на големиот радијаторски отвор под носот на авионот по кој „Hawker Typhoon” бил препознатлив. Тоа значело подобра аеродинамика и маневарски способности. Можеби најдобриот дел во редизајнот на крилата на авионот бил новиот начин на конструкција кој подразбирал отсуство на нитни. Истиот начин бил применет во дизајнот на авионот „P – 51 Mustang”. Тоа претставувало намалено триење и вибрации при високи брзини. Било предвидено авионот да биде придвижуван од моторот „Napier Sabre IV”, кој имал пропелер со четири перки. Наскоро целосното производство на „Tempest Mk I” било напуштено па во интерес на време и отсуство на компликации, прототипот „Mk V” влегол во активно производство.

„Mk V" бил придвижуван со моторот „Napier Sabre II", кој равивал 2235 кс. Моторот подразбирал и враќање на радијаторот за масло под носот кој го правел авионот препознатлив. „Hawker Tempest Mk V" добил и дополнителна воздушна констгрукција во пределот на опашот. Бидејќи носот на авионот бил продолжен со цел вградување на резервоарот за гориво пред пилотскиот кокпит, потребно било да се конструира опашната дополнителна конструкција со цел повторно воспоставување на аеродинамичкиот баланс на авионот. Авионот имал нов тип на пилотска кабина – „bubble" која овозможувала поголема прегледност и комоција. На 21 јуни 1943 г. првиот „Hawker Tempest Mk V" го имал својот прв лет. Во првите модели постоел проблем во врска со слабата воздушна конструкција во секцијата на опашот, но набрзо бил решен. Првите модели биле произведени со бандаши од тркалата на авионот „Hawker Typhoon", а подоцнежните користеле нов тип на бандажи. Првите 100 модели на „Hawker Tempest Mk V" биле произведени со топовите „Hispano" со долга цевка, а подоцнежните со топови со кратка цевка. Авионот можел да носи 900 кг товар од бомби и ракетни проектили. Подоцнежните модели биле опремени и со радарски систем „Rebecca". Покрај стандардните производствени модели, постоела и верзија вооружена со два противтенковски топа „Vickers Class P" со калибар од 47 мм, прикачени на надворешните носачи на бомби. Секој топ бил снабден со 38 парчиња муниција. Иако оваа верзија ветувала, никогаш не влегла во активно производство. „Hawker Tempest Mk V" бил најбрз ловец на ниски висини во Втората светска војна. Неговата примена била во повеќе улоги. Кон крајот на војната, неговата главна улога била во операции насловени – „вооружено извидување". Тие операции најчесто се изведувале длабоко позади непријателските линии. Неговото тешко вооружување од четири топа со калибар од 20 мм, добрата прегледност оперативен дострел го правеле сериозен противник на најсовремените германски ловци. Мнозинството на „Hawker Tempest Mk V" биле придвижувани со мотор „Napier Sabre II" кој имал 24 цилиндри. Авионот имал хидроматски пропелер со четири перки, произведен од компанијата "De Havilland" или „Rotol". Биле употребувани и верзиите на моторт "Napier Sabre IIB" и "Napier Sabre IIC" кои развивале над 2400 кс.



| ГЛАВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА „HAWKER TEMPEST MK V" | |
|---|---|
| ЕКИПАЖ | 1 |
| ДОЛЖИНА | 10,26 метри |
| РАСПОН НА КРИЛАТА | 12,50 метри |
| ВИСИНА | 4,52 метри |
| МОТОР | Еден линиски мотор „Napier Sabre Mk IIB" со 24 цилиндри и способност за развивање на 2420 коњски сили „Daimler Benz DB 603A" со 12 цилиндри на течно ладење. Еден мотор имал способност да развие 1750 коњски сили. |
| МАКСИМАЛНА БРЗИНА | 700 километри на час |
| ОПСЕГ НА ОПЕРАТИВНО ЛЕТАЊЕ | 680 километри |
| МАКСИМАЛНА ВИСИНА НА ЛЕТАЊЕ | 11100 метри |
| ВООРУЖУВАЊЕ | Четири топови „Hispano Mark II" со калибар од 20 милиметри.<br><br>Способност за носење на 450 килограми на бомби |

Тркалата на авионот биле базирани на тркалата на „Hawker Typhoon", но биле подолги и пошироко наместени за поголема стабилност при слетувања со брзина од 177 км на час. Пред сојузничката инвазија на Нормандија, „Hawker Tempest Mk V" изведувал извидувачки мисии длабоко во непријателската територија. Тоа значело уништување на секоја видлива цел како возила, радарски станици, аеродроми и „V1" ракетни комплекси. Последното можеби претставувало една од најинтересните улоги на овој авион. Имено, првата „V1" балистичка ракета била лансирана во јуни 1944 година. Одличните летачки карактеристики на средни и ниски висини на „Hawker Tempest Mk V" го правеле идеален одбранбен механизам од ракети. Големата брзина на „Hawker Tempest Mk V" овозможувала стигнување на „V1" ракетата и нејзино соборување. Другиот метод на нејзино уништување бил стигнување и изместување на нејзината траекторија со врвот од крилото на авионот. Покрај успешноста во изведување на наведените улоги, по операцијата „Market Garden" во септември 1944г., сојузниците изградиле воздухопловни бази на териториите на Холандија, Белгија и Франција. Тоа значело и употреба на „Hawker Tempest Mk V" во вооружени патроли, длабоко во германската територија. Авионот бил најчесто употребуван за справување со современите и напредни германски ловци, како „Hs – 162", „Dornier 335" и, секако, маестралниот млазен авион „Me – 262". Постојат извештаи од германски пилоти, кои тврдат дека „Hawker Tempest Mk V" бил повеќе од достоен противник. Всушност, за уништување на „Me – 262", пилотите на „Hawker Tempest Mk V" развиле посебна тактика која се нарекувала „трка на стаорци". Тактиката подразбирала чекање или демнење на непријателските млазни авиони, во момент на нивно слетување.

Димитар Даневски



# Европска патролна корвета (European Patrol Corvette – EPC)

Под покровителство на Европската Унија започнат е исклучително важен проект за иднината на поморските земји членки на ЕУ. Управниот одбор на Европската одбранбена агенција (EDA) во рамките на системот на постојана структурна соработка (PESCO), како дел од Европската безбедносна и одбранбена политика, одобри финансирање за развој на нова класа воени бродови кои наредниве години би биле изградени за членките на Европската Унија. Станува збор за класа на воени бродови под работен наслов: Европска патролна корвета (European Patrol Corvette – EPC)

Проектот „EPC“ беше лансиран во 2019 година, а земјите вклучени во него имаат намера да ги изградат првите прототипови во периодот од 2026 до 2027 година. Европската патролна корвета е класа на воен брод, дизајнирана како заедничка платформа на модуларна конфигурација што земјите-членки учеснички можат да ја приспособат на нивните потреби и спецификации. Димензиите на бродот се прилагодени за употреба во крајбрежни води, со можност за работа на отворено море, па дури и во океан. Еден од приоритетите беше голема пловна автономија и голем оперативен радиус, додека максималната брзина на пловење е секундарен елемент на концептуалниот дизајн. Бродот треба да има максимално истиснување од 3.000 тони што ќе му овозможи да оперира од помали пристаништа и сидришта бидејќи газиштето на бродот треба да биде максимум 5,5 метри под водената линија. Вкупната должина на бродот што треба да биде опремен со дизел и електрични мотори не треба да надминува од 110 до 120 метри. Целта на проектот „EPC“ е да се создаде флексибилен модуларен брод кој лесно може да се надградува и прилагоди на различни задачи. Проектот е еден од првите поморски заеднички потфати во рамките на Европската унија. Основата на проектот е од италијанските бродоградилишта “Fincantieri” и Француската поморска групација, кои во 2019 година основаа заеднички конзорциум NAVIRIS. Седиштето на италијанско-француската компанија се наоѓа во Џенова, а се користи развојниот центар во близина на Тулон во Франција. Подоцна се приклучуваат и други земји членки како Грција и Шпанија. Идната европска патролна корвета е во согласност со стандардите на НАТО и според номенклатурата на НАТО, таа би била т.н. Ограничена единица на воен брод (Limited Warship Unit). Бродот ќе е достапен во три верзии: како патролна корвета за противбродска и противвоздушна борба со можност за проширување на намената и за противподморничка акција; како патролна корвета оптимизирана за дејствување на површински цели и океанско пловење од речиси 10. 000 наутички милји (NM) со економска брзина од 14 јазли и како корвета оптимизирана за крајбрежни патролни мисии. Во сите варијанти, корветите ќе бидат вооружени со најмодерниот француско-италијански противвоздушен ракетен систем за вертикално лансирање „Aster” и ќе бидат способни за сместување и употреба на хеликоптер од класата „NH90”. Максималната брзина на бродовите ќе биде скромна





| ГЛАВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ: | |
|---|---|
| ДОЛЖИНА (LOA) | 90,7 m |
| ВИСИНА НА ТРУПОТ НА ГЛАВНОТО РЕБРО | 7,0 m |
| ПРОЕКТИРАНО ГАЗИШТЕ (T) | 4,0 m |
| ШИРИНА (B) | 13,2 m |
| ЦЕЛОСНА ИСТИСНИНА – ДЕПЛАСМАН (D) | 2100 t |
| МАКСИМАЛНА БРЗИНА | 26. јазли |
| ПАТРОЛНА БРЗИНА (ЕКОНОМСКА) | 22. јазли |
| МАКСИМАЛНА БРЗИНА НА ЕЛЕКТРИЧЕН ПОГОН | 10. јазли |
| АВТОНОМИЈА СО БРЗИНА ОД $^{16}$. ЈАЗЛИ | 3000.NM |
| ДИЗЕЛ МОТОРИ | 2 x 9100.kw |
| **Посада:** Бродот ќе има сместување за 71 член на екипажот, вклучувајќи 61 член на посадата и 10 членови дополнителен персонал за помош | |

за современите воени бродови и ќе изнесува 24 јазли, но целта на проектот не е голема. Новата европска корвета најверојатно ќе го преземе дизајнот на корветите од типот „Doha”, изградени во италијанскиот „Fincantieri” и испорачани во Катар. Носителите на развој на „EPC” се заинтересирани и за проширување на соработката со Хрватска, која исто така има потреба од патролни воени бродови со слични карактеристики како „EPC”. Така од неодамна, непосредно по одлуката на ЕУ за одобрување на делумно финансирање на проектот „EPC”, хрватската групација „DIV” го претстави својот проект на јавноста: Патролен брод-корвета „BIS 91”, брод што одговара на EPC-карактеристиките и е повеќенаменски/модуларен опремен воен брод.
Бродот ќе биде опремен со еден чамец за пресретнување долг до 13 метри, за спасувачки и интервентни акции, кој ќе може да развие максимална брзина до 40 јазли и да прими и да превезува најмалку 10 луѓе. Чамецот ќе се спушта и ќе се подигнува со брза рампа на ниво на морето. На надгадбата бродот ќе биде опремен со два крана, дизајнирани да товарат контејнери, да снабдуваат товарни магацини и да подигаат опрема за отстранување на морското загадување од нафта. Планирано е да се смести и еден поморски хеликоптер (тип „NH-90“ или „Sea Hawk“) во складиште, во склоп на палубата. Обезбедена е и опрема за полетување/слетување според стандардите на NATO STANAG,како и простор да се смести едно беспилотно летало-дрон, специјализирано за употреба на море за извидување и набљудување, со можност за пренесување на тековното снимање на состојбата на површината во матичната единица во областите каде што бродот ги извршува своите задачи. Хеликоптерската платформа на крајот на бродот, исто така, ќе биде место за управување со дронот. За да се подобри стабилноста, бродот ќе биде опремен со активен систем за стабилизација и конструктивно подготвен за поставување дополнителна опрема од двете страни на палубата.
Ниската силуета на трупот и компактноста на надградбата ќе имаат корисен ефект врз намалувањето на визуелната и радарската видливост на бродот. За да се намали термичката видливост, емисиите на издувни гасови на сите дизел моторите ќе бидат однесени во морето. Со цел да се намали магнетната видливост, односно заштита од магнетни и индукциски мини, бродот ќе биде опремен со автоматски систем за компензирање на магнетизмот на бродот.
За да се подобри маневарската способност,на предниот дел (прамецот) ќе биде инсталиран прамчен погон. Бродот ќе биде опремен со навигациски радари „X-band” со капацитет од најмалку 25 kW и радари со „S-band” со капацитет од најмалку 30 kW. Системот за електронска карта „ECDIS” инсталиран на бродот мора да ги покрие сите наведени области на работа на бродот. Бродот ќе биде опремен со VHF-радиостаница со воздухопловен фреквентен опсег, UHF-радио станица и AIS-систем. Бродот ќе има систем за набљудување со долг дострел, дневно и термичко снимање во форма на жиро-стабилизиран оптоелектронски сензор. Бродот ќе биде опремен со два навигациски рефлектори, радиостаница со систем за следење. Бродот е дизајниран за целосна операција на ниво на морето до 5 според светската метеоролошка организација (WMO), вклучувајќи и прием на воен хеликоптер. Безбедно користење (подигање/спуштање) на бродот за интервенција до нивото на морето 4, ограничена

оперативност до состојба на морето 6, пловење со максимална постојана моќност до нивото на морето 4-5. Бродот ќе ги исполни и барањата на NATO STANAG 4154. Бродот ќе може да маневрира без помош од влечење, особено кога минува низ тесни премини и канали и кога се закотвува и се приврзува на сила на ветер од 8 ° бофори, земајќи ги предвид добиените морски струи во наведените области .Маневрирањето на бродот значи да поседува способнот на маневрирање и стабилност на курсот на пловење, можност за итно запирање заради безбедноста на пловидбата, како и исполнување на стандардите за маневрирање во согласност со стандардите на Меѓународната поморска организација (IMO). Бродот е способен да достигне брзина од 26. јазли во следниве услови: Комплетна посада и опрема; резервоари од 50% гориво, нафта, храна, вода и техничка вода; морската длабочина да не биде помала од 30 m; состојба на морето не повеќе од 2 брзина на ветерот, до 3,3. m/s. Автономијата на бродот е повеќе од 30 дена со 71 член на екипажот и помошен персонал. Бродот ќе има обезбедени контејнери за складирање на одвоен отпад и амбалажа во согласност со конвенцијата MARPOL.  Автономијата на пловење на бродот е 3000. NM во навигација со економична брзина од 16 јазли и под претпоставка дека 10% од горивото останува во резервоарите. Материјалот за градба на трупот е бродоградбен челик од стандардни профили.
Корвета BIS 91 е дизајнирана како воен брод со општа намена за извршување општи борбени задачи кои вклучуваат артилериски операции на површински, воздушни и крајбрежни цели, ефективна воздушна борба на средни растојанија, ефективна борба на долги растојанија на површински и крајбрежни копнени цели, борба против подморница , и блиска воздушна одбрана на бродот како и одбрана од сите форми на асиметрични закани. Борбениот систем за “BIS 91” структурно се состои од три сегменти: систем за оружје; сензорски систем; систем за управување со борба (CMS). За извршување на сите потребни задачи во однос на борбените операции, “BIS 91” е опремен со следниов систем за оружје: прамчен  топ - главен калибар 76мм (опционално 57мм) на лакот на бродот; противвоздушен ракетен систем со вертикално лансирање сместен на лакот на бродот зад главниот топ; противбродски ракетен систем со долг дострел кој се наоѓа на надградбата зад кормилото; систем на лесни торпеда за борба против подморница - лоциран на горниот дел од главната палуба; далечински управувани локално стабилизирани топови од мал калибар (до 30 мм), 2 парчиња, За блиска одбрана на бродот - лоциран на палубата на надградбата од двете страни на бродот (опционално и лесни проектили); далечински управувани тешки митралези 12,7 mm (2 парчиња) За блиска одбрана и заштита на бродот од можни асиметрични закани лоцирани на палубата на надградбата.
Сензорскиот систем на бродот потребен за ефикасна употреба на споменатиот систем за оружје се состои од: радар за 3D-надзор како главен систем за надгледување на бродот (опционално и идентификација на целта-IFF). Антенскиот дел од системот се наоѓа на врвот на јарболот додека трансиверот се наоѓа во техничка просторија во близина на BOS. Радарски и EO (електро-оптички) систем за следење и контрола на пожарот според набљудуваните цели. Антенскиот дел од системот се наоѓа над тркалата, додека помошните системи се наоѓаат во техничката просторија на ниво на БОС. Анти-подморнички сонар во трупот на бродот. Антена дел-антена во трупот на бродот.
Бродот има и системи за електронско војување и  систем за управување со борба (CMS), кој е заснован на целосно отворена и дистрибуирана компјутерска хардверска и софтверска конфигурација со сите потребни интерфејси според сензорскиот систем за оружје на бродот  и потребните операторски панели за квалитетна графичка презентација на тактичка воздушна, површинска и подводна ситуација околу бродот со цел анализа, оценување, стекнување и следење на целите и донесување навремени одлуки за дејствување.





Зоран Костоски

*(Податоците се земени од официјалната web-страница на DIV групација „Бродосплит“)*



# Лебот – најголемиот сојузник на војската

Лебот, на специфичен начин го следи човекот од самото раѓање па сè до смртта. Лебот имал значајна улога во еволуцијата и животот на човекот и нема цивилизација која не го познавала лебот во различни форми – од тврда невкусна погача, па до војничко следување

Една руска поговорка вели дека лебот е најголемиот сојузник што некоја војска може да го има. Кога човекот почнал да јаде леб во раниот предисториски период, тоа била тврда невкусна погача но, сепак, била храна. Со време, освен што бил клучен за преживување, лебот станал и симбол и дел од религијата, обичаите и традициите. Од кога постои војската – од тогаш постои и војнички леб. Се појавил уште во стариот Египет. Фараонот имал свои професионални пекари кои произведувале леб и тој леб одел кај свештениците кои потоа ѝ го давале на војската или ги исплатувале бирократите. Рим се одржал на лебот, а нивните рецепти биле блиски на денешните. Турската војска имала свој професионален леб што се викал „тај“, што на арапски значи следување. Турците го прифатиле тој израз, кој преку Турција доаѓа и на овие простори како таин – војнички леб, особено кај српската војска. Овој вид леб се правел од мешавина на ‘ржано и бело брашно, замесен со квасно тесто и можел да трае долго време. Низ историјата, лебот станал ризница на колективното паметење, сведок за етичките и симболичките вредности, условите за опстанок и падот на луѓето во војна. Освен со оружје, војни се воделе и со предизвикување на недостаток на леб и храна. Многу култури, исто како и нашата се богати со обичаен леб. Има централно место на славите и другите обичаи. Житото, лебот и брашното имале свето значење во животот на целокупното население на територијата на географска Македонија, од праисторијата до денес. Осмиот месец во современата македонската календарска година – август, во народниот календар на Македонците, уште од раното средновековие го добил словенското име Житар.

Што е леб? Наједноставен одговор на ова прашање е: лебот е смеса која се добива со мешање на брашно и вода и потоа се пече на висока температура или со циркулација на топол воздух во затворен простор. Историјата вели дека првиот леб бил направен во Египет околу 80.000 пред нашата ера. Египќаните биле познати пекари и првиот леб кој го направиле имал сплескана и округла форма и повеќе личел на тортиља отколку на тоа што ние денес го имаме како леб. Се верува дека токму тие го измислиле и киселото тесто, како резултат на топлата клима и нивната вештина за мелење на пченицата. Низ годините, различни нации измислувале различни видови на леб, секој со своите посебни, народни карактеристики и традиции. Некои видови на леб се останати и до денес, а некои целосно исчезнале низ годините. Околу 450 години пр.н.е. старите Римјани ја измислиле воденицата за мелење на брашно. Од таму започнува традицијата на производство на бел леб. Производот бил толку вкусен што се верувало дека колку е побел лебот толку е повкусен и може да го јадат само повисоките и помоќни класи. Слично и во средновековна Британија, лебот бил симбол на статус на тие што го јадат. Богатите јаделе бел леб од мелена пченица, додека пониските класи јаделе црн, односно леб од ‘ржано, јачменово брашно или трици. Во 1834 година во Швајцарија е измислена првата мелница со челични валјаци која револуционерно го сменила процесот на мелење пченица засекогаш. Ова значајно откритие овозможило зрната пченица наместо да се кршат, да се мелат

при процес на отварање на зрното. Овој потег е од огромно значење за индустријата и денес затоа што овозможува зрното да се раздели и со тоа да одвои едноспермот - јадрото на зрното кое го содржи протеинот глутен. Ова е посебно важен чекор во производство на безглутенски брашна.
Адитивите и конзервансите влегуваат во игра околу 20 век, кога индустриското производство имало цел да произведе голема количина на леб кој изгледа привлечно, има поголем волумен, помека средина и, пред сè, има подолг рок на траење. Сепак, благодарение на лесната достапност до информации, како и развојот на технологијата во исто време, пекарите брзо се враќаат на „стариот” начин на производство и ги елиминираат сите конзерванси, а лебот има реален, краткотраен рок на траење. Најчесто, првата работа што ни паѓа на памет кога помислуваме на леб е пченицата. Но, денес, леб може да се направи речиси од секоја житарка – овес, ‘рж, јачмен, просо, амарант, па дури и од семки како ленено семе и чиа. Сепак, доколку сакаме лебот да има волумен, тој мора да биде произведен од пченица, бидејќи глутенот е состојката која овозможува лебот да „нарасне“ и да ја има познатата форма на векна. Самиот збор „лутен“ доаѓа од латинскиот збор „glue“, што во превод значи лепило.
Иако звучи неверојатно, апсолутно е точно дека лебот е најприсутната храна на сите трпези во светот, луѓето знаат неверојатно малку, да речеме за неговите многубројни симболични значења во културите, религиите, обичаите и верувањата. Само што го пронашол лебот, а се претпоставува дека првиот леб бил сиров, тврд, горчлив, темен, тенок и тежок за јадење, човекот го сфатил неговото значење за преживување. Толку драгоцен за одржување на животот, лебот брзо станал симбол на богатство, ритуал на духовност, одраз на културата. Во древен Египет, лебот во непроменлив облик се произведувал 2.500 години. Употребата на квасецот била генијална, веројатно случајно откритие во долгата историја на лебот. Токму квасниот леб бил една од трите причини кои довеле до несогласување, а подоцна и до поделба на христијанската црква на католичка и православна. Тајната на лебот не е само во неговата гастрономска, духовна и културна посебност и оригиналност. Мистеријата и чудесноста на лебот се жива ризница на човечкото колективно паметење





која се пренесува од генерација на генерација. Лебот е и алка на животниот ланец кој не се прекинува до денес. Лебот е симбол на опстанок, а кај нас има особено место во културата и традицијата. Тој е најпримитивната и највиталната емоција поврзана со преживувањето. Многу освојувања, војни, светски и локални судири се одвивале поради лебот. Тој го одлучувал исходот на многу војни: Кој има жито, топовите најмногу му се слушаат. Лебот е единствена храна подготвена за сечиј вкус, без оглед на возраста, полот, културата, религијата, социјалниот статус, која се јаде секој ден со секој оброк. Лебот, произлезен од човековата потреба за живот, не се менувал многу низ историјата. Секој народ има свои рецепти, специфичности при неговата изработка, почнувајќи од обликот, големината, мирисот, изгледот и бојата, кората, средината, мекоста и свежината.

Наполеон е познат по тоа што рекол дека „војската маршира на својот стомак“. Војниците можат да се најдат далеку од удобноста на касарнската кујна, но тие секогаш мора да јадат. Залихите од храна за војниците честопати го одредувале исходот на војните. Долго време лебот и сувото солено месо ја сочинувале основната исхрана на војниците кои биле на фронтот. Војниците на античкиот Рим добивале следување од околу еден килограм леб дневно, месо, маслиново масло и вино. За време на Византиската Империја, пешадијата била обучена да носи следување кои можеле да траат до дваесет дена. Мала рачна мелница била дел од нивната основна опрема и се користела за мелење жито за да се направи двопек, тврд, сув леб што се чувал долго време. Војската често земала суровини од локалното население за време на воените кампањи. Понекогаш војниците дури

и ја користеле својата плата за да купат храна и за да ја дополнат или да ја променат нивната исхрана. Храната во војна се користи за процена на непријателските сили, како и за мотивирање на сопствените сили. Важноста на храната во војната ја препознавале сите големи војсководци. Познатиот кинески воен стратег Сун Цу (500 пр.н.е.) ја користел храната за да го процени непријателот. Во „Уметноста на војувањето“, тој напишал: Кога војниците стојат потпрени на копјата, тие се уморни од недостаток на храна. Кога не ги закачуваат садовите за готвење над огновите во кампот, тогаш покажуваат дека нема да се вратат во своите шатори и дека се решени да се борат до смрт. Вегетиј (300 год. од н.е.), истакнал дека во војна, главно и основно е војската да биде добро снабдена со храна, а непријателот да се уништи со глад. Тој, исто така, истакнал дека гладот прави поголем хаос во војската отколку непријателот и е пострашен од мечот. И Фредерик Велики (1757 г.), во „Инструкциите до неговите генерали“, вели: Разберете дека основата на армијата е стомакот. Неопходно е да се набави храна за војниците и тоа е примарна должност на командантите. Практичната реалност на хранењето на војниците во оддалечените области е транспортирање на сè што е планирано за потрошувачка. Маршалот Морис де Сакс, опишувајќи ги неговите искуства во војната во првата половина на 18 век, истакнал особено важна точка: на војниците никогаш не треба да им се дава леб на бојното поле, туку треба да се навикнат на двопек, бидејќи тој се чува многу години во магацини и војникот лесно може да носи од него за петнаесет дена. Двопекот бил дел од секој воен оброк во текот на сите модерни војни. Тој бил столбот на воените оброци со векови и е вклучен во денешните пакети со храна што ги добиваат војниците во многу армии.

Двопекот е тврд, обично во форма на квадрат, леб кој се прави само со брашно и вода (бесквасен и несолен леб) и се пече два пати или повеќе. Бидејќи е многу сув и има долг рок на траење, може да се чува долг временски период, лесно се прави и е една од главните причини поради кои морнарите и војниците го јаделе. За да го омекнат, го потопувале во чај или во кафе. Тој, исто така, е лесен за носење и може да го замени лебот. Не е јасно кога луѓето првпат почнале да прават двопек, но сосема е веројатно дека тоа било во праисторијата. Праисториските луѓе




вареле зрна, потоа на зготвените зрна им додавале зеленчук и билки, а понекогаш зрната ги мелеле во прав, ги мешале со вода и ги сушеле на врел камен. Шест илјади години стари бесквасни „лебови“ се пронајдени во Швајцарија. Двопекот бил дел од основната исхрана на англиските и американските морнари многу векови. Кристофер Колумбо земал бесквасен леб со себе на своите патувања. За време на раното населување на Северна Америка, истражувањето на континентот, Американската револуција и во текот на Американската граѓанска војна, армиите биле одржувани во живот токму со двопекот. Војниците го нарекувале со разни имиња, но, генерално, го нарекувале тврд леб. Двопекот е воена храна која се наоѓа речиси насекаде. Древните Египќани им обезбедувале на морнарите сличен производ од леб наречен дура. Римската војска им давала слична храна на римските војници наречена буцелатум. Двопекот може да се чува многу долго, можеби со децении, ако е во модерно пакување. Станува многу тврд и обично треба на некој начин да се хидрира за да може полесно да се јаде. Двопекот бил правен во големи количини ширум светот за воени цели. Производството на двопек иницирало индустриско производство и масовно производство на многу храна. Двопекот се наоѓа во армиите и морнариците ширум светот со мали варијации и сè уште е достапен денес на многу места. Исто така, постојат неколку цивилни видови и широко се користи на Аљаска. Популарен е и кај љубителите на природата. Еволуцијата доведе до нови пакувања и до зголемена хранлива содржина, но предизвиците поврзани со двопекот опстојуваат.

Александар Стојчевски






# Заштита на хуманитарниот сектор во Африка од дигитални закани

Многу операции на Црвениот крст се спроведуваат во Африка, како на пример во: Сахел, Етиопија, Чад и Демократска Република Конго. Па, овие случувања го потсетуваат континентот дека само технологијата, изолирано и без соодветно разгледување на ризиците, може да им наштети на многу ранливи категории. Што, всушност, се случило? Хакерите ги таргетирале серверите на организацијата складирани во објект со седиште во Швајцарија. Делфин ван Солинџ, советник на Црвениот крст за дигитални ризици во хуманитарната сфера, вели дека тоа не било само забава на еден 15-годишен компјутерски хакер, туку добро организиран, добро испланиран и спроведен напад за кој сè уште не може да се каже кој и зошто го направил нападот. КОВИД-19 и повеќекратните сајбер-напади врз институции како што е Светската здравствена организација укажуваат на сајбер-заканите во светот на хуманитатната помош и потенцираат дека владите, бизнисите, универзитетите и мултилатералните институции, како и хуманитарните актери, мора да ги прифатат новите технологии и разумно да ги проценат потенцијалните ризици. Африка е точката на којашто се фокусираат многу хуманитарни операции и се соочува со зголемени стапки на сајбер-криминал. Дигиталната револуција помага да се обезбедат податоци во реално време за време на криза или на конфликт. Но, ако оваа информација падне во погрешни раце, може да биде потенцијално опасна по живот или, во најмала рака, штетна. Во врска со ова, советникот Солинџ вели дека не е лесно да се шпекулира за намерата на сторителот на горенаведниот напад, но засегнатите поединци, како оние со кои работи Црвениот крст, често бегаат од конфликти и бараат повторно да се обединат со семејствата во странство. Затоа и откривањето на нивниот идентитет или движење може да ја загрози нивната безбедност.

Нападот може да се користи и за политички цели. Исто така, постои и пазар за лични податоци. Украдените идентитети се користат за извршување на измама, изнуда и други кривични дела. Поради овие причини, заедно со други етички размислувања, за да се реши направениот проблем, во конкретниот случај на наведениот напад, Црвениот крст апелираше луѓето да не ги споделуваат, продаваат или објавуваат информациите. Воедно, неовластениот пристап до истите податоци кои се чуваат физички, би се сметал како сериозно прекршување. Сепак, дигиталната димензија на овој упад овозможува брзо дистрибуирање на високочувствителни податоци. Но, кога личните записи ќе бидат јавно објавени во сајбер-просторот, тешко е да се отстранат. Затоа, Црвениот крст, како и другите хуманитарни актери, е принуден

> Неодамнешниот сајбер-напад врз Меѓународниот комитет на Црвениот крст и неговите поврзани тела покажа дека и хуманитарната заедница не е имуна на сајбер-криминалот. Ова е особено важен момент кој треба будно да се следи и релевантно да се одговори, бидејќи Африка е точката на којашто се фокусираат многу хуманитарни операции но, сепак, Африка се соочува со зголемена стапка на сајбер-криминал во сите сектори

да ги преиспита своите мерки за сајбер-безбедност и да ја разгледа улогата на приватниот сектор,  за да може истиот да помогне да се намалат ризиците. Но, Ван Солинџ, вели дека, за да се сфатат придобивките и границите на ангажманот на приватниот сектор, нема да биде лесно, и покрај тоа што голем дел од знаењето и експертизата му припаѓа на тој сектор.
Тимо Костер, консултант за непрофитниот резолутор на сервер за имиња на домени (DNS) Quad9, кој ги конвертира имињата на домени во IP-адреси, за „ISS Today“ вели: „Овој инцидент повторува колку е важна повеќеслојната одбрана од сајбер-напади“. „Quad 9“, кој е мошне присутен во супсахарска Африка, има и филтер за закани во реално време, базиран на повеќе информации за разузнавање. Го блокира пристапот до малициозни веб-локации кои шират малициозен софтвер или се занимаваат со кражење, измама и „фишинг“. Освен што нуди заштита, начинот на кој се дистрибуираат таквите алатки за сајбер-безбедност (на пр. до секторот за хуманитарни и невладини организации (НВО) со здружени информации за закани за сајбер-безбедност), може да стане модел за иднината. Централно место е принципот дека испораката на безбедни интернет-услуги треба да се смета за јавно добро, а не само како комерцијален предлог. Овие наводи се дел од поширокaта дебата за хуманитарната помош и дигиталните закани. Во реалниот свет Црвениот крст е заштитен со меѓународното хуманитарно право. Симболот на Црвениот крст или црвената полумесечина е моќна глобално призната слика за неутралност и има долга историја. Поврзано со ова, а во текот на изминатите две години, организацијата Црвен крст спроведува истражувачки проект за потенцијалните придобивки и ризици од дигитален амблем. Целта би била да се означат податоците и дигиталната инфраструктура на заштитените медицински субјекти и одредени хуманитарни организации и да се сигнализира нивната заштита. Сепак, потенцијален проблем би била формата на дигитално брендирање која би можела да ги изложи хуманитарните податоци и средства на понатамошен напад, така што би се олеснило таргетирањето.
Но, Црвениот крст не живее во илузија дека самото постоење на дигиталниот амблем би ги спречил сајбер-заканите за дигиталната инфраструктура на медицинските или хуманитарните актери, исто како што и физичкиот амблем никогаш не бил заштита од куршуми од физички напади. Но, тоа е начин да се сигнализира правна заштита и да послужи како средство за идентификација. На тој начин, на



сајбер-операторите ќе им се овозможи полесно да ги идентификуваат и да ги поштедат заштитените ентитети за време на вооружен конфликт, да ги потсетуваат воинствените на нивните законски обврски таму каде што може и да ги одвратат другите актери. Организациите, како што е и Црвениот крст, имаат клучна улога на ниво на меѓународна политика за да се зацврстат нормите, вклучително и онаа во која се наведува дека меѓународното право се применува во сајбер-просторот. Има апликации не само за користење на интернет, туку и за други технолошки области во развој, вклучително и технологија за беспилотни летала и автономно оружје кои, исто така, се потпираат на мрежни способности. Друга област на којашто се фокусираат е можноста за воспоставување посветен „облак“ за хуманитарниот сектор. Досега се направени истражувања со кои се разгледува употребата на облак-технологијата за хуманитарните канали на снабдување. Но, клучен услов за безбедно складирање на податоци во облак за хуманитарни цели е да се одржи и неговиот интегритет. Ова е особено релевантно, со оглед на функцијата на Црвениот крст за повторно обединување на семејствата во време на конфликт.

Што би се случило ако податоците за деца без придружба се хакирани или модифицирани, а се појавуваат луѓе кои се преправаат дека се нивни родители? Токму затоа, потенцијалните последици од контаминација на податоците се навистина големи, па во тој поглед и хуманитарните актери мора да бидат многу внимателни. Во тој контекст, како што се засилени политичките дискусии за дигиталната трансформација низ Африка, меѓународните невладини организации од хуманитарниот свет мора да ги забележат потенцијалните ризици и истите да ги балансираат со придобивките. Притоа, мора да се земе предвид експертизата од приватниот сектор и да се преземат брзи мерки за нивно намалување. Воедно, хуманитарните актери треба да се вклучат и во мултилатерални дискусии за прашањата од областа на сајбер-управувањето, за да бидат сигурни дека нивните потреби ќе стигнат на вистинската адреса.

м-р Билјана Поповска,
*адаптирано од  Карен Ален, консултант, „ISS Преторија“ (повеќе на  https://issafrica.org/iss-today/keeping-the-humanitarian-sector-in-africa-safe-from-digital-threats)*






# Уникатен авиостолар

Дрвено-платнени конструкции на воздухоплови имаше и на овој наш македонски простор, од средината на дваесеттите години, до средината на седумдесеттите години на минатиот век. Независно дали се тоа воени или цивилни воздухоплови, веројатно уште долго ќе се чуваат само во споменатите. Тоа беа воени и цивилни авиони, како и воздухопловни едрилици за спорт и усовршување на пилотски вештини. Во оваа „приказна“, производителите и типовите на споменатите едрилици и авиони не се воопшто важни. Важно е тоа што сите тие беа лесно подложни на помали или поголеми оштетувања, за чија што поправка беа потребни сертифицирани мајстори. Најчести причините за таквите оштетување беа од неправилно пилотирање, но и поради малиот број на соодветни сместувачки капацитети за нивно „вдомување“ и заштита. Мали беа хангарите ширум македонските аеродроми во Скопје, Куманово, Битола, Штип и Прилеп, како и повеќето леталишта кои овозможуваа простор за лоцирање на авионите и едрилиците кои беа на траен или времен престој и употреба. Летачките средства, паркирани надвор од хангарите, под отворено небо или импровизирани настрешници, беа подложни на разни временски непогоди. Најчесто страдаше платното или дрвената лепенка на обвивката-оплатата на крилата и хоризонталниот стабилизатор, во најголем број случаи при поголеми налети на градоносни облаци, механички удари или силни ветришта. Наспроти временските неприлики, воздухопловните едрилици, посебно оние за основна обука, „страдаа“ од неправилни или вон-теренски (надвор од аеродром) слетувања. Оштетувањата се случуваа на „скијата“ за слетување, а во помал број и на крилата или на останатите делови. Во двата случаи, кај



авионите и кај едрилиците, беше неопходна итна поправка од страна на стручни и овластени лица. Меѓу малкутемина такви, а единствен на македонскиот простор беше мајсторот Глишо, како што го именуваа сите македонски авијатичари.
Глигор Томовски-Глишо (1927 – 2009 година во Скопје) беше неуморниот „авиохирург“ за дрвените авиони и едрилици. Беше уникатен „шивач“ на оштетените платнени обвивки и експерт за санација на дрвените кршеници на оштетените воздухоплови ширум македонскиот простор. Својата основна наобразба во оваа авиосфера ја стекнал во Вршац – Србија, каде што навлегол во тајните на конструкциите и градбите на споменатите воздухоплови, но и на полето на теоријата на летањето. Од своја страна, познато е дека столарите се владетели на дрвото и од него изработуваат, вградуваат, поправаат и одржуваат разновиден мебел, градежна дрвенарија и низа други секојдневни предмети! Но, малкумина знаат, а уште помалку паметат, за специјалистите именувани како авио-столари.
За извршување на овој „авиодокторски“ занает било потребно високо ниво на познавање на технолошките својства на дрвото, дрвените материјали и платната, својствата и карактеристиките на лепилата и заштитните бои и лакови, како и соодветно знаење од областа на техничкото цртање. Згора на тоа, во оваа сфера, потребно беше и соодветно знаење за употреба и ракување со машини и алатки, а над се, познавање на мерките за лична заштита и стандардите за безбедност во летањето. Сите наведени предзнаења и практични искуства, конечно, требало и да се потврдат на соодветен теоретски и практичен испит пред државните воздухопловни власти. Врз основа на положениот испит се добивал соодветен сертификат за работа на воздухоплови со дрвени конструкции и платнени или дрвени оплати-обвивки. Стручната квалификација и личните овластувања за работа, мајстор Глишо, ги добил од тогашната сојузна Управа за цивилно воздухопловство на претходната заедничка југословенска држава. Првите непосредни и практични искуства на полето на авијацијата тој ги стекнал во почетокот на 1950 г. во единственото македонско воздухопловно претпријатие „20 Мај“ од Скопје. Во ова претпријатие тој имал директно учество во сериското производство на дрвени воздухопловни едрилици. При тоа бил целосно инволвиран во изборот на дрвените материјали, лепенки,

Одамна поминаа времињата кога во поширокото воено и цивилно воздухопловство се користеа дрвено-платнени конструкции на воздухоплови. Таквите, сè уште, можат да се видат, овде-онде, во ретки приватни колекции на музеи и поединци. Тие гордо ги прикажуваат своите стари „небески владетели“ на посебно организирани аеромитинзи или воздухопловни манифестации, за што им се потребни посебни безбедносни сертификати и одобренија

платна и лепила, до финалниот производ на кој требало да летаат луѓе. Како искусен и сертифициран авиостолар-мајстор Глишо беше префрлен на работа во некогашниот Републичкиот воздухопловен центар каде се организираа долготрајни обуки за пилоти на едрилици и авиони. Помагаше и во поправките на тогашните воени авиони, лоцирани на скопскиот аеродром. Со таквото искуство, тој беше постојано и во екипата на професионални технички кадри за време на реализацијата на основни едриличарски обуки со логорување, каде се случуваа и најголем број оштетувања на воздухопловите. Заедно со кандидатите, престојуваше во соодветниот школско-летачки центар каде што ја играше улогата на ургентен мајстор или како што го именуваа „авио-доктор“. Ова беше посебно видливо кога некој ученик, при неправилно слетување, ќе ја оштетеше едрилицата. Притоа, најчесто страдаа уредите за слетување, т.н. „скии“, вградени на предниот дел на едрилиците. Тогашните воздухопловни едрилици ретко имаа тркало или тркала за следување. Заради континуитетот на обуката, мораа да се прават брзи поправки, а за тоа, тука беше ревносниот мајстор Глишо. Во таквите случаи прво мораше да се направи проверка и евидентирање на настанатата штетата, да се оцени дали може да се поправи на терен и дури потоа да се премине кон финална поправка или замена. На крај, поправката мораше да се запише во техничката книга на воздухопловот и да се завери од страна на овластен инженер-контролор.
Авиохирургот, мајстор Глишо, своето стручно знаење и умешност го докажуваше и кај авионите. Честопати за нив немаше место во хангарите, па тие беа паркирани надвор, под отворено небо. А небото е секогаш непредвидливо. Во екстремни метеоролошки услови, градот кој ќе паднеше од него знаеше да ги оштети (издупчи) главните крилни површини. Мајсторот мораше ефикасно да ги сошие или залепи, а на крајот и да ги заштити со соодветна боја или лак. И повторно, сето тоа не смееше да ја наруши аеродинамичноста и летачките карактеристики на леталото од кое зависат човечки животи. Со своето знаење, умешност и вештини, сертифицираниот авиостолар Глигор Томовски не загрози ниту еден човечки живот, а спаси и оспособи многу оштетени едрилици и авиони. Замина во пензија со голем број пофалби и признанија, би рекол, заедно со заминувањето на дрвените воздухоплови, а со нив замина и звањето-квалификацијата „авиостолар“, која после шеесеттите години на минатиот век ја „чуваше“ единствениот македонски мајстор Глишо.

Ѓорги Чачкиров





# Апсурдни војни

Според Институтот за пручување на мирот во Стокхолм, од 3.200 година пред новата ера до денес, во светот се случиле 14.560 војни, од коишто две од најкрвавите, се воделе во 20 век. Судејќи според имињата со кои се забележани во човековата историја, се војувало за сѐ и сешто, а најапсурдни се војните за дрвена кофа, за свиња, војната за розите и онаа поради фудбалот. По завршувањето на Втората светска војна, вискоцивилизираниот свет водел 88 војни и во сите, индиректно или непосредно, биле вмешани големите сили

Дали сме блиску до исполнување на пророштвото на Алберт Ајнштајн, кој рекол: „Не сум сигурен за тоа дали ќе има трета светска војна, но знам дека четвртата ќе се води со лак и стрела". Разумните песимисти деновиве потврдно климаат со главата, а умните сметаат дека такво нешто не е исклучено. Оставајќи му на времето да ги потврди спротивставените гледишта за секоја, па и за актуелната војна во Украина, ќе се осврнеме на причините и поводите поради кои, досега, во човековата историја се водени 14.560 војни. Според какви документи и факти е дојдено до таа бројка, знаат стручњаците од Институтот за проучување на мирот во Стокхолм но, она што е извесно е тоа дека во овие војни загинале над седум и половина милијарди луѓе. Интересно е да се нагласи дека според имињата на некои војни, може да се заклучи дека најчестите поводи биле навистина понекогаш апсурдни нешта: диво животно, жена, грабеж, религија, брод, роза, ракија... Според некои пишани извори, врз основа на кои се запаметени и евидентирани, Тројанската војна (1194 – 1184 пред новата ера), е првата на предолгата листа на споменатиот Институт од Шведска. Општо е познато дека до таа војна дошло заради грабнувањето на убавицата, легендарната Елена Тројанаска, а оваа војна се водела помеѓу Ахајците и Тројанците. Благодарение на поетот Хомер, односно на неговиот еп „Одисеја", дознаваме дека, освен што траела цели десет години, оваа војна веројатно е најдокументираната и најспомнуваната војна во историјата.

## Солон и хемиското оружје

Првата верска војна, позната под тоа име, се случила во градот Крис во заливот Делфи и се водела 595 год. пр.н.е. Поводот бил патарината што им се наплатувала на оние кои доаѓале кај познатата гатачка Питија. Бидејќи сметале дека тоа не е во ред, поглаварите на околните градови решиле да се пресметаат со оние што живееле во градот. Водачот на напаѓачите бил извесен Клистен, кому советник му бил прочуениот атински законодавец Солон. По петгодишна војна, војската на Клистен го зазела градот, користејќи „хемиското оружје". Имено,

советникот Солон дошол на идеја во бунарите и во базените со вода за пиење да се стави кукурек и така таа да се затруе. И, навистина, пиејќи ја загадената вода, бранителите на Крис толку омалаксале што престанале да даваат отпор. Градот бил срамнет со земја, а сите негови жители биле погубени. Најчест мотив за војување бил обид на поединци или групи на луѓе, да живеат на туѓа сметка, односно да имаат робови. И, без оглед на други имиња и форми на владеење, угнетувањето и злоупотребувањето на нечија сопственост и лична слобода, било повод за девесет од сто војни. Првото востание на робовите се случило на Сицилија 132 година пред новата ера, а го кренале селаните против узурпаторите на нивната земја и работна сила од страна на земјопоседниците, по протерувањето на Картагињаните. Водач на робоите бил Евнус, но главниот воин се викал Клеон. Војската на бунтовниците броела 200.000 души, но во судир со платена војска, по тригодишни борби, била целосно поразена. Токму тоа прво робовско востание ќе биде урнек и поттик за римската аристократија да се организира и за прочуениот гладијатор Спартак. Војната на гладијаторите и робовите од една страна и регуларните легии на Римската Република се воделе од 74 до 71.година пред нашата ера. Спартак, во борба против властите во Рим тргнал со 70 другари и за неколку месеци неговата армија броела 120.000 души. Но, без оглед на неколку големи победи, римските војсководачи Помпеј и Крас успеале тотално да ја поразат војската на Спартак, а него и неговите команданти да ги зароби и да ги погуби.

## Војна долга 116 години

Од предолгата листа на светски, локални или граѓански војни, може да се види дека во светот не постоела држава (без оглед на големина), која никогаш не војувала. Податокот дека тоа не важи кога е во прашање Швајцарија, попрецизно, дека таа е единствена земја која никогаш не војувала, не е точен. Тој мит се темели врз фактот што во последните два века Швајцарија била надвор од сите воени дејства во Европа. Точно е, меѓутоа, дека во својата историја војувала два пати и тоа против истиот непријател, Франција. Првата војна меѓу двете војни се случила 1508 година и траела цели осум години. Втората датира од времето на војните на Наполеон Бонапарта 1815 година. Но, како и да е, во светската историја постојат пишани податоци дека сите држави во светот војувале најмалку еднаш, а некои и по стотина пати. Доволно е да се рече дека на петте континенти нема држава која не војувала со својот сосед, па оттука може и да се сфати насловот на овој текст.

Апсолутни рекордери се Франција и Англија, кои биле замешани во најголем број војни, а своевиден куриозитет е што меѓу себе војувале цели 116 години. Тоа непријателство, познато под името стогодишна војна, со мали прекини, траело од 1337 до 1453 година. Војната започнала со упад на Англиската војска во Франција, а завршила со пораз на Англичаните. Војната се дели на четри периоди, и тоа според времето на владеењето на кралевите во една и во друга земја. Истата била завршена со битката кај Кастилјон 1453 година, со каптулација на Англичаните. Интересно е дека токму во таа битка за прв пат се употребени топови, благодарение на кои Франција извојувала историска победа против „вечниот непријател“.

## Силата и големиот Горбачов

Откога постои нашата цивилизација, „голата“ сила и отсуството на разумот на „хомо сапиенсот“ биле причина за 99 проценти од 14.500 досега водените војни. По завршувањето на Втората светска војна, и победниците и победените биле свесни и убеден дека војните засекогаш заминуваат во минатото. Некои меѓу нив не само што не мислеле така, туку веднаш тргнале да се подготвуваат за следното крвопролевање. Знаменосец на воените конфликти,





посредно или директно ќе станат двата воени блока, западната воена алијанса, позната под кратенката НАТО и Варшавски договор на чело со Советскиот Сојуз. Всушност, најкрвавата војна и не завршила, а хроничарите белжат 88 војни, од граѓанската во Грција  во 1945 година до атак на Украина во вториот месец на годината што тече. Военото оро продолжува во Индокина, Кореја, Лаос, Виетнам, Индија, Португалија, Ангола, Гвинеа Бисао, Мозамбик, Родезија, Намибија, Камбоџа, Јордан, Палестина, Израел, Египет...
Во средината на осумдесеттите години на минатиот век, на светската политичка сцена ќе стапи Михаил Сергевич Горбачов, човек со визија за „нормален свет“.  Тој ќе го распушти Варшавскиот блок, ќе воспостави блиски односи со Маргарет Тачер и со Роналд Реган, на Хелмут Кол му дозволил да ги соедини двете Германиии, потпишува договори за намалување и уништување на атомското оружје... За жал, овој голем миротворец бесрамно ќе го измамат западните „пријатели“ на чело со спомнатата тројка: Кол, Реган, Тачер. Како лична утеха ќе му остане Нобеловата награда за мир и непребол



оти бил измамен и обезвреден. Политичките авантуристи, клучни виновници за изместувањето на светот и целата негова содржина: Буш Постариот и Помладиот, Клинтон и Обама, поддржани или приморани на тоа, колегите од Англија, Франција, па и Германија, тргнуваат да го преуредат светот по свој, аморален терк. Најпрвин следи атак на: Ирак, Авганистан, Либија, Сирија и СР Југославија. Попат иницираат конфликти внатре во Руската Федерација,  а во НАТО ги вовлекуваат балтичките земји: Полска, Романија и Бугарија. При обидот тоа да го направат и со Украина ќе се соочат со познатото руско „њет“ (не), а со тоа и со отворање на патот за Трета светска војна.

## Бизарни војни

Во еден од поранешните броеви на „Штит“ пишувавме за таканаречени апсурдни војни, а  во ова пригода само ќе ги спомнеме. Првата таква војна се случила 1883 година, кога заради навреда на шпанскиот крал Алфонсо Дванаесетти, при посетата на Париз, кметот на шпанското село Лијара, Дон Мигел Гарсија Санчез, истата 1883 година на Франција ѝ објавил војна. Интересно е дека во таа војна не е испукан ниту еден куршум, а двете страни потпишале мировна спогодба во 1976 година за време на посетата на шпанскиот крал Хуан Карлос на Париз. Војната за дрвена кофа помеѓу Модена и Болоња се случила 1325 година и траела 12 години. Не е познато колку жртви  имало и на двете страни, а кофата останала кај крадците во Модена. А како да се нарече и да се класифицира војната помеѓу Парагвај и три други големи латиноамерикански земји. Имено, шеф на Парагвај во 1864 година бил извесен Франциско Солано Лопез, човек комушто идол му бил Наполеон Бонапарта. Сакајќи да стане латиноамеркански Наполеон, Лопез, без причина и без каков било повод, истовремено им објавил војна на Аргентина, на Бразил и на Уругвај. Војната траела 6 години и во оваа војна загинале 400.000 души или 90 проценти од машкото население на Парагвај, а згора на тоа, градот буквално бил срамнет со земја. На списокот на апсурдни војни има место и за војната позната како Фудбалска војна. Се случила 1969 година помеѓу Ел Салвадор и Хондурас, по фудбалскиот натпревар во кој Салвадор бил поразен. Војната траела четири дена, а во пресметките загинале 3000 луѓе.

## Војна за ракија

Постојат безброј анегдоти за влијанието на алкохолот за исходот на војните, а руската ракија, пручената вотка, има значајно влијание во историската победа на Црвената армија во судир со Хитлеровата солдатеска. Се разбира, свое место во битките водени во Првата и во Втората светска војна имаат и шкотското виски, италијанските и француските вина, но само во позитивен контекст на војувањето. Меѓутоа, малку е познато дека во Европа, еднаш, во иста армија избила војна поради жолтата капка. Таа војна се случила  1788 година кога австро-унгарскиот крал Јозеф Втори одлучил конечно да се пресмета со османлиите. Со 170 илјадна војска тргнал кон Балканот, но на пат дотаму, во Романија, и нему и на неговата армија ќе им се случи несреќата наречена ракија. Имено, за да утврди каде е точно лоцирана турската војска, Јозеф пратил одред коњица во извидница. Прочуените Хусари, на патот кон непријателот сретнале група Роми-трговци со ракија. Бидејќи меѓу нив повеќето биле Срби, Хрвати и Власи, средбата со бурињата полни со ракија завршила со веселба. Според записите на воените хроничари, Хусарите, целата ракија, десетина буриња, ги откупиле од Ромите и сосема заборавила каде тргнале. Си направиле логор и се гоштевале. Бидејќи повеќе дена не се вратиле, царот испратил нов одред војници да ги бараат Хусарите. И, кога ги нашле, виделе дека Хусарите биле многу пијани. Освен што биле мошне пијани, на коњаниците на своите новодојдени колеги не им дале ни капка пијалок, што било повод за кавга која прераснала во вистинска војна.

Миле Раденковиќ



# Швајцарскиот воен музеј „Фул“

Во северниот дел на Швајцарија е сместен воениот музеј „Фул“. Името го добил по градот Фул-Ројентхал во кантонот Аргау, каде што е сместен. Ова е приватен музеј кој го води Асоцијацијата за музејска промоција на воена технологија, основана од Томас Хуг. На површина од 9000 м2 е претставена различна воена опрема. Тенковите, ПВО-системите, лесното пешадиско вооружување и другата изложена опрема е од периодот од Втората светска војна и на Студената војна. Експонатите се изложени во две хали, на неколку ката од поранешна фабрика. Уникатна збирка која се истакнува е комплетната збирка на ПВО-вооружувања од произведувачот на вооружување „Oerlikon-Contraves“, поставена на вториот кат. Друг карактеристичен експонат е V-1-летачката бомба „Fieseler Fi 103R“, сериски број 27 – една од седумте останати во светот. Пред музејот во се поставени неколку лесни оклопни возила и помали артилериски орудија. Оваа хала со големина од 6000м2 има различни експонати. На самиот влез од музејот од внатрешна страна е ракетниот ПВО систем BL-64 „Bloodhound“. На неколку места во музејот има кукли облечени во униформи од Швајцарската војска од различни периоди започнувајќи од 1880г. денес. Во халата надвисуваат хеликоптерот „Alouette III“ и авионот „De Havilland DH112“. Во подножјето на музејската хала е поставен сет од десетина различни видови на оклопни возила од производителот „Mowag Gmbh Kreuzlingen“ како што се: „Piranh“, „Eagle V“ и IV“, „Tornado 2“ итн. Во еден сегмент на музејот е изложена нуркачката опрема за швајцарските сили од период од 69-79 година, додека во друг радио комуникациските средства и беспилотните летала од швајцарско и странско производство. Посетителите имаат можност дел од експонатите да ги разгледаат од блиску т.е. да ги допрат или да влезат во нив како на пример во оклопниот транспортер М113. Во втората хала се распоредени тенкови, оклопни возила и оклопни транспортери. Бројот на експонати изложени во овој дел е импозантен, но битно е да се истакне дека 90% од возила кои се изложени во овој дел се функционални и во возна состојба. Прво се наидува на делот со возила од источни потекло како: „Т-34/85“, „БМП-1“, „Т-72“, „Т-55АМ2“, „БТР-60“ и други. До нив е поставен легендарниот германски противавионски топ „8.8 Flak 36“, лесно оклопен полугасеничар „Sd. Kfz 251“, како и противтенковското возило „Goliath“. Потоа се тенковите од западно производство користени и од швајцарската војска: „Leopard 1A4“, „AMX 30“, „AMX 13“, „Centurion“, неколку варијанти на оклопниот транспортер „М 113“ итн. Во оваа хала се изложени и неколку модели на самоодни артилериски орудија и носачи на понтонски мостови. Посетата на музејот „Фул“ може да ја збогатите со уникатна можност за возење на тенк во симулатор. Покрај ова може да се посети и делот каде се врши реставрирање до потполно возна состојба на еден од последните останати TIGER II. Во склоп на музејот е и кафе барот „Bistro Militaire“. Овој простор се користи и за организирање на различни видови собири и настани. На самиот излез од големата хала има продавницата за сувенири. Асоцијацијата за музејска промоција на воена технологија, покрај музејот „Фул“, поседува околу 100 утврдувања од периодот на Студената војна од различен вид (противтенковски, пешадиски, командни места, надбљудувачници итн.). Повеќето од нив се исчистени, уредени и реставрирани и достапни за посета со претходно најавување и закажување. Артилериската позиција „Ројентхал“ е едно од нив и е интересно за посета. Ова утврдување по отпишувањето од страна на владата во 1988 г. го презема асоцијацијата. Оваа артилериска позиција е составен од неколку меѓусебно поврзани помали објекти. Главната позиција е на четири ката. Во првите два се изложени лесни пешадиски вооружувања кои биле употребувани додека на третиот кат се две пушкарници кои се користени за челна заштита на влезот во артилериската позиција. На четвртиот кат е сместена надбљудувачница користена за наведување и корекција на артилерискиот оган. Со подземен тунел во должина од 280 м овој дел е поврзан со двете огнени точки каде се распоредени 7,5 см топови. Просториите кои за време на оперативното функционирање на артилериската позиција се користеле како магацински простор за складирање муниција денес се користат како изложбен простор каде во застаклени витрини се изложени униформи и различни видови лесно вооружување користено во Швајцарската војска со особен осврт на единиците кои служеле на вакви и слични позиции. Како и во секое утврдување и овде се претставени и техничките простории (генераторска соба, простории за обедување, медицинска заштита, радио комуникациска, простории за одмор). На секои две години, започнувајќи од 2005 година, музејот е учесник и еден од организаторите на интернационална средба на воени моторни возила.

Златко Блажески



# Хендрик Корнелиус Врум
## Сликарот со авантуристички дух

Хендрик Корнелиус Врум е холандски сликар којшто насликал важни подвизи на холандската и на англиската флота, детаљно забележувајќи ги тие моменти во своите слики. Големите и украсни битки, церемонијалните сцени и погледите на плажа насликани од Врум, вовеле нови композициски прикази, што подоцна ги преземаат помладите холандски маринисти



Хендрик Корнелиус Врум е роден во Харлем, Холандија. Голем дел од она што е познато за неговиот живот доаѓа од биографијата на Карел ван Мандер, кој му посветил четири страници во неговата „Шилдер-боек", која се доживува како авантуристичка приказна во која се раскажува за авантурите на овој холандски сликар, како за замрзнувањето на неговите панталони при преминувањето на Алпите и речиси гладување до смрт на една карпа со група која изгладнета водела разговори за канибализмот како можна стратегија за преживување, но не е познато на која возраст тој ги започнува своите патувања и авантури. Врум е роден во семејство на уметници и ја започнал својата кариера како сликар на керамика (фајанс). Не бил постар од 19 години кога мајка му се премажила и кога влегол во конфликт со својот очув кој инсистирал да се држи до традицијата за сликање на керамика. Поради ова тој и го напушта својот дом и за прв пат се качува на брод за Шпанија (Севилја), а оттаму преку Ливорно и Фиренца оди до Рим. Во Фиренца неговиот сликарски талент е забележан од страна на кардиналот Фердинандо де Медичи, кој му станува и покровител околу 1585/87 година, а подоцна и големиот војвода од Тоскана. Во тој период е и ученик во ателјето





на Паулус Брил и е цело време на релациаја Фиренца – Венеција, каде што заработувал како сликар на керамика. После овој период решава да се врати на север и патува преку Милано, Ценова, Албисола (во тој период работи во еден центар за керамика каде што повторно заработува сликајќи керамика), во Торино (каде што го запознал сликарот од Харлем Јан Краек) и во Лион (каде преку планинскиот премин се случува настанот со замрзнатите панталони залепени за една карпа на врвот од планинскиот премин). Од Лион патува за Париз, а оттаму заминал за Руан, каде што смртно се разболел но, како што и секогаш бидува со авантуристите, го спасила жена која му ја преврзала главата и на чудесен начин го излекувала полумртвиот Врум. Конечно 1590 година се качува на брод за дома и пристигнува во родниот Харлем истата година и се оженил .
Во тој период го посетува својот вујко Фредерик Хенрикс во Данциг (денешен Гдањск), кој бил градски архитект и каде што успева да добие работа да наслика еден олтар во тамошните цркви.Следното патување на овој сликар-авантурис е кон Португалија, а на тој пат доживува бродолом кој по некој среќа го преживеал , но авантурата од ова патување не завршила тука. Како бродоломник е обвинет дека е „англиски пират“ и му се заканувала егзекуција, но благодарение на неколкуте негови слики кои биле спасени од бродоломот бил препознат дека, всушност, е католички сликар. Сликите биле тие кои ги убедиле монасите на плажата дека тој и неговите придружници не биле „незнабожечки протестанти“ , затоа што пронајдените слики се сликани во католички манир кој го научил во Италија. Откако добил слободен премин, Врум отпатувал во Сент Хувс (Сетубал), каде што ги насликал своите авантури во слика што ја продал на некој тамошен сликар. Кога решил да се врати во Харлем, во последен момент излегол од бродот поради некое неубаво претчувство, бил симнат од бродот нарекувајќи го „луд сликар“. Овој брод потонал во Оресунд, во близината на Хелсингор, па во Харлем Врум го прогласиле за е мртов. За среќа тој ѝ пишал на својата сопруга, која на тој начин открила дека тој сѐ уште е жив. Кога се вратил во Харлем, тој веќе бил уметник со меѓународен углед и набргу потоа добил две нарачки за дизајни на таписерија, од кои едната, од лордот Хауард од Ефингем, тапиserија која била дел серијата од десет таписерии кои го прикажуваат поразот на шпанската армада од 1588 година од страна на Англичаните, под целосна команда на Хауард како лорд-адмирал. Таписериите биле завршени во Брисел во периодот од 1592 до 1595 година и тие подоцна го краселе Домот на лордовите „Вестминстер“. За среќа биле снимени во гравури пред да бидат уништени од еден пожар во 1834 година. Врум насликал важни подвизи на холандската и на англиската флота, детаљно забележувајќи ги тие моменти во своите слики. Повеќето дела опишани од Ван Мандер се изгубени, а неговите најголеми нарачки се добиени по смртта на Ван Мандер. Големите и украсни битки, церемонијалните сцени и погледите на плажа насликани од Врум воведе нови композициски прикази, што подоцна ги преземаат помладите холандски маринисти. Морските сликари од Харлем: Ханс Годерис, Корнелис Вербек и Корнелис Клаес ван Вирингeн, директно биле под негово влијание. Тој станува член на Харлемскиот сликарски еснаф Свети Лука, а меѓу неговите ученици биле Аерт Антонис, Николаес де Кемп, Јан Порчелис и неговите синови Корнелис Хендрикс Врум и Фредерик Хендрикс Врум.
Негови најпознати историски сцени се: „Битката кај Гибралтар“ од 1607 година и „Доаѓањето на различни достоинственици во Амстердам“, вклучувајќи го и протестантскиот водач Фредерик V, избирачот Палатин од Бохемија, кој бил прогонет од светиот римски император. Врум починал во Харлем, во свите доцни седумдесетти години.

Трајче Чатмов





# „Бомбардирањето“

Доколку неодамна сте се вклучиле на стриминг платформата „Нетфликс“, многу е веројатно дека на листата на последни додадени филмови или „најпопуларни во моментот“ сте го виделе насловот „Бомбардирањето“. Овој филм на Оле Борнедал, зборува за еден историски трагичен настан од залезот на Втората Светска војна, бомбардирањето на Копенхаген од страна на Кралската авијација на Британија, која сосема случајно, како резултатот на грешка, наместо воени цели, ќе бомбардира католичко училиште во Данска и како последица ќе има голем број на цивилни жртви, најмногу од нив деца, ученици. На настанот кој е опишан во филмот и по кој е насловено кинематографскиот производ на Борнедал, му претходи исцрпно, длабинско и суштинско запознавање со личностите на кои бомбардирањето ќе им ги промени животите засекогаш. Филмот е фокусиран на ичните приказни на неколку семејства од главниот град на Данска кои огнената рака на војната ќе ја почувствуваат на своја кожа.

## Детското другарство среде војна

Данска, 1945 година. Сојузниците во Европа полека ги ослободуваат териториите, но Данска сѐ уште е под нацистичка окупација. Нацистите ги користат последните изброени денови на окупација на оваа парче од Европа да се пресметаат со сите припадници на отпорот и да ликвидираат колку можат повеќе, пред да бидат притиснати и да се повлечат. Сепак, животот во Копенхаген не мирува: продавниците работат, луѓето ги вршат дневните обврски, се движат по улиците, децата секојдневно одат во училиште, а сведочењето на некоја ликвидација, патем, и не е толку невообичаена работа. Иако родителите се обидуваат да ги заштитат децата од грозоморните слики, не секогаш успеваат во тоа.

Хенри има невина, чиста, детска душа, но, едно возење со велосипед по руралниот пат околу градот ќе остави траен белег врз него. Младото момче е сведок на ликвидацијата на една невеста и нејзините деверици кои со такси возило, по истиот пат, брзаат да стигнат на свадбената веселба, кога еден сојузнички авион ќе го помеша автомобилот со непријателско возило. Токму оваа грешка на Сојузниците која треба да навести дека никој не е безбеден е увертира во уште поголема грешка која ќе земе голема цена. За жал, невестата никогаш нема да стигне на нејзината  свадба, но, шокот од сведочењето на ваков трауматичен настан ќе предизвика губење на говорот кај детето. Хенри, од тој момент, станува



нем. Негова верна придружничка е неговата братучетка Ригмор, палава, ведра, весела и разиграна, како виножито среде војна. Третиот член на ова детско трио е Ева, исто така сведок на ликвидација која се случува на улицата додека ја чека нејзината мајка да купи леб од пекарата.Ригмор за разлика од Хенри и Ева, не го има видено со свои очи злото на војната, па кај неа постои таа детска игривост и наивност која е задушена кај другите двјца. Таа измислува приказни за „лошата пекарка“ која продава затруени лепчиња од кои умираат децата и се обидува да го преплаши Хенри со тоа, со надеж дека уште еден шок или траума ќе има реверзибилен ефект и Хенри пак ќе прозбори. Ригмор е олицетворение на детската фантазија и чистота, недопрена од ужасните канџи на војната. Но, токму нејзиното постоење ќе биде засекогаш прекратено од војната.
Сестра Тереза е калуѓерка и учителка во католичкото училиште во Копенхаген која низ игрив, забавен и фантазиски начин се обидува да ја интерпретира суровата реалност. Кога децата прашуваат зашто Господ дозволува да има вакква војна и да трае толку долго, таа вели дека Господ понекогаш знае да се занесе и да му избега вниманието, како на пример, кога ќе ни падне молив од училишната клупа и ќе се наведнеме да го земеме, ние го префрлуваме вниманието на пенкалото. Така и Господ некогаш е дефокусиран од нас на кратко, но, неговото „кратко“ за нас може да е многу долго, зашто нашето и неговото време не минуваат со иста брзина. Сестра Тереза ги убедува своите ученички во постоењето на Господ, како што и улогата и налага, но, таа е во искушение и ја преиспитува сопствената верба во Бог, изнудувајќи гревови со цел да ја предизвика божјата казна и така да си докаже на себе дека тој постои. А прашањето е – каков Бог дозволува вакво страдање и умирање? Врската на Тереза (улогата ја толкува ќерката на режисерот Оле Бордеал - Фани Борнедал) со Господ е во голема криза. Тоа се манифестира и во нејзиниот однос кон Фредерик, припадник на данската полиција која им служи на Нацистите, кој го бакнува за да ја предизвика божјата казна.



## Во војната никој не е безбеден

Додека животот на жителите на Копенхаген тече, во Велика Британија се спрема голема операција за авионско бомбардирање на седиштето на Гестапо во овој град. Британската команда е свесна дека заробениците од отпорот ќе бидат искористени како жив штит, поставени блиску до покривот, но, кралската армија ќе донесе одлука дека таа жртва е неопходна колатерална штета. Авионите се испратени преку каналот Ла Манш и стигнуваат до главниот град на Данска каде надлетуваат над градските покриви. Акцијата започнува успешно, седиштето на Гестапо е погодено, но, кога еден авион случајно ќе удри во покривот на училиштето, ќе предизвика експлозија која ќе ги збуни останатите авиони и ќе го „маркира“ училиштето како новата мета. Училишниот ден ќе се претвори во крвава приказна.
Како што спомнавме и претходно, филмот следи еден тивок, мирен наратив за дружењата на Ева, Хенри и Ригмор, како и за кризата на вербата на Сестра Тереза. Нè запознава со суштината на карактерите, нивните внатрешни превирања, нивните проблеми и размислувања. Долго време во филмот нема значителна воена акција, доколку се исклучат апсењата и мачењата на припадниците на отпорот, но, последниот дел од филмот затоа има доволно акција за целиот филм. Сепак, главниот фокус не е на борбените дејствија и акцијата, туку на влијанијата и последиците кои оваа трагедија ќе ги донесе во целата заедница. Полн погодок е користењето на емпатија како пристап и основа за развој на дејството. Само во еден момент, животите на сите луѓе се менуваат. Една бомба, ќе покаже дека буквално никој не е безбеден, но и ќе ги обедини жителите во организирана и тешка потрага во заробените преживеани деца во урнатините. Во ликовите ја гледаме незивесноста, стравот и безнадежноста на многу семејства, многу мајки кои се молат за судбината на своите деца и да бидат преживеани. Ваквиот пристап во обработката на воената тематика е познат од режисерот Стивен Спилберг („Шиндлеровата листа“, „Воен коњ“, „Спасувајќи го војникот Рајан“) кој секое портретирање на некоја воена трагедија, без исклучок го поврзува со човечкиот фактор и неговата трансформација како учесник во војната.
„Бомбардирањето“ е филм кој навистина треба да се погледне, од една страна, затоа што зборува за настан кој претходно не е филмуван, но и затоа што е навистина прекрасно разработено емотивно патување за една локална катастрофа која ќе запечати многу човечки судбини. Впрочем, Данците и претходно се покажаа доста умешни на темата филмски обработки на Втората Светска војна, па ова е само уште едно надоврзување на претходните успеси на ова поле.

Елена Ѓорѓиевска



**Режија:** Ole Bornedal

**Улоги:** Fanny Bornedal, Bertram Bisgaard, Alban Lendorf, Danica Curcic, Ester Birch

**Сценарио:** Ole Bornedal

**Кинематографија:** Lasse Frank Johannessen

**Музика:** Marco Beltrami, Buck Sanders, Ceiri Torjussen

**Монтажа:** Anders Villadsen

**Година:** 2021

**Земја:** Данска

**Времетраење:** 107 минути



# Лешница – „Македонската Ш

Лешница се наоѓа во средишниот дел на Шар Планина, во пределот на највисоките шарски врвови, помеѓу врвовите Среден Камен и Плат. На југозапад е оградена со највисокиот врв, Титов Врв, додека на југоисток со вториот највисок врв, Бакардан, на запад со врвот Среден Камен и на исток со врвот Плат, додека кон север е отворена и се спојува со долината на реката Пена, во нејзиното горно сливно и изворишно подрачје. Се дели на Долна Лешница, која е на надморска височина од 1450 метри и на Горна Лешница со 2221 метар надморска височина.
Преполна е со бујни и чисти планински реки, бучни водопади, стрмни падини обраснати со столетна густа борова и букова шума и назабени карпести планински врвови. Сите посетители ги плени со живописните пејзажи, па сосем добро ѝ прилега прекарот „Македонска Швајцарија“ на Шар Планина.
Во неа извира реката Пена, која ја хранат повеќе притоки, а сите извираат во подножјето на највисоките шарски врвови – Титов Врв, Кривошија, Плат, Среден Камен и се напојуваат од снеговите кои на овие врвови честопати се задржуваат и до почеток на летните месеци.
Водите на лешничките реки создале повеќе водопади, меѓу кои и водопадот на Горна Лешница, во подножјето на Титов Врв, Кривошијскиот Водопад и прочуените Кривошијски Кади, систем од огромни вдлабнувања во карпите низ кои паѓаат слапови вода десетици метри удолу.
До Лешница може да се дојде од страната на Попова Шапка преку планинските предели на Смрека, врвот Плат и Горна Лешница, по шумскиот пат долг 12 километри или од страната на планинското село Бозовце, оддалечено 20-тина километри од Тетово, од каде што искачувањето пеш или со коњи трае околу два часа.
Лешница до скоро беше добро чуваната тајна на Шар Планина. До пред неколку години ја посетуваа само вљубеници во природата, ловџии и дрвосечачи, бидејќи до неа се патуваше најмалку 2 до 3 часа, или пеш или со теренско возило од Попова Шапка. Потоа ја открија планинарите и велосипедистите, а по проширениот шумски пат денес сè почесто доаѓаат и излетници и љубители на природата, неретко и со возила.

Кристина Илиевска



# вајцарија“ на Шар Планина








